ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА

Г О Д И Ш Н А П Р О Г Р А М А

ЗА РАБОТА НА **СОУ „КОСТА СУСИНОВ“** – РАДОВИШ

ЗА НАСТАВНАТА **2025 / 2026** ГОДИНА

Август, 2026 директор:

Радовиш Миле Арсов

ВОВЕДЕН ДЕЛ

Годишната програма за работа на средното училиште „Коста Сусинов“ во Радовиш е изготвена врз основа на член 100, став 1, алинеја 2 од Законот за средното образование (Службен весник на РМ бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008 и 92/2008) и член 94, став 1, алинеја 2 од Статутот на СОУ „Коста Сусинов“ - Радовиш.

Тргнувајќи од законските нормативи, Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2025/2026 година се темели на минатогодишните позитивни искуства и планираните задачи, активности и содржини од приоритетните цели на кои основи се планирани активности, содржини и начини за надминување на слабостите и продолжување на јаките страни.

Содржината на Годишната програма се темели на добиените тези од процесот на самоевалуација и ги опфаќа подрачјата од општата програмска структура.

Цел на програмата за работа за оваа учебна година е подобрување на условите и ефикасноста во работата преку организирање системи на планирање, реализација и следење на севкупната воспитно-образовна работа.

Тимот којшто раководи со воспитно-образовната работа во нашето училиште се состои од:

- Миле Арсов, директор,
- Емилија Котева Ристова, училишен педагог,
- Виолета Србакова, училишен психолог.

Во изготвувањето на Годишната програма е вклучен тим составен од:

- Ружица Кукушиќ
- Габриела Митева Коцев
- Марија Вантов
- Љупка Туџарова Аврамова
- Даниела Ѓоргиева

Во изготвувањето на Извештајот од годишната програма е вклучен тим составен од:

- Верче Чапова,

- Габриела Митева Коцев,

- Сања Маринковска.

Со сите тимови и комисии раководи директорот на училиштето, Миле Арсов.

Директор:

Миле Арсов

На почетокот на учебната 2025/2026 година се запишани 582 ученици од кои 293 машки и 289 женски. На крајот на наставната година завршуваат 564 ученици од кои 281 машки и 283 женски. Во текот на целата наставна година е присутно движење на учениците (придојдени, испишани, преминале во друго училиште и отстранети), на што се должи осипувањето т.е намалувањето на бројот на ученици. **Просекот на ниво на училиште на крајот на второто полугодие за учебната 2025/2026 е 3.52.**

Во своето работење училиштето се водеше од:

својата мисија и визија за воспитно – образовниот профил на ученикот;

дефинираност и транспарентност на кодексот за правата и обврските на наставниците во рамките на училиштето;

перманентно обучување и надоградување на наставниот кадар преку стручно усовршување;

континуирано следење на развојот на ученикот во целокупниот тек на наставата низ сите аспекти на неговото ангажирање;

ставање посебен акцент на воспитно – образовниот процес во училиштето;

поголема објективност, правичност во следењето, вреднувањето и оценувањето на способностите и знаењата на учениците;

посветување големо внимание на дидактичко – методската подготовка од страна на наставниот кадар за реализација на наставните планови и програми;

отвореност на училиштето за соработка со родителите, не само преку Советот на родители туку и идивидуално;

конкретизација на обемот и содржината на активностите што се остварени во рамките на целокупната програмска структура на воспитно-образовната дејност.

МАТЕРИЈАЛНО-ТЕХНИЧКА ОПРЕМЕНОСТ

Материјално-техничката опременост на кабинетите задоволува, бидејќи истите располагаат со доволно современи дидактички и нагледни средства за изведување на воспитно-образовната дејност.

Во текот на учебната 2025/2026 беа извршени повеќе набавки и тоа:

- 8 клима уреди;

- 10 лаптоп компјутери;

- опремување на SMART лабараторија;

- апарати за мерење притисок - кабинет биологија;

- 10 LCD- проектори

- Хигиенски средства за одржување на училишните простории и обелување на повеќе простории.

ВОСПИТНО ОБРАЗОВЕН КАДАР

Во учебната 2025/2026 година воспитно-образовната дејност во училиштето ја реализираат вкупно 59 наставници, од кои 48 реализираат теоретска настава, а 7 практично-теоретска настава во геолошко-рударска и металуршка струка, градежна струка, машинска струка, електро-техничка струка и економско-трговска струка.

Во воспитно-образовната дејност се вклучени и стручни соработници и тоа: психолог, педагог и библиотекари. Во правно-економската служба има еден правник и еден економист.

Образовната структура на кадарот кој ја изведува наставата потполно одговара на законските и програмските барања по сите наставни предмети.

Наставниците во текот на годината учествуваат на сите педагошки семинари на кои се разработуваат стручни методски прашања, што придонесуваат тие да бидат подготвени за внесување на иновации во наставата за унапредување на воспитно-образовната дејност.

Мото на наставникот: Оној кој се одлучил да подучува, не смее никогаш да се откаже од учење!

ОБУКИ И СЕМИНАРИ

Во месец септември сите наставници учествуваа на еднодневна обука на тема Поттикнување одржлив начин на размислување кај учениците за решавање на глобалните еколошки предизвици, организирана од страна на Бирото за развој на образованието, а реализиарана од страна на Академија Ц.Е.С.

На 15.04.2026г. нашето училиште беше посетено од страна на тим на советници при што беше одржана презентација и дискусија со наставниците кои ќе предаваат во прва и втора година во учебата 2026/27г.

Борче Алексов

Октомври 2025 - обука за наставници и ментори од компанија за стекнување на предзнаења и вештини кои треба да ги стекнат учениците за натпреварите во вештини Skills Competition. Практични и професионални вештини EuroSkills 2025.

Декември 2025 – учество на состанок и презентација за натпреварот по практични и професионални вештини Skills Competition 2025 организиран од ЗЕМСУ - здружение на електротехнички, машински и сообраќајни училишта во Македонија во хотел Bushi - Скопје.

Април 2026 - учество на обука организирана од Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, „Спектар Al алатки во образованието“, Скопје.

Катерина Сусинова

-01.10.2024 – тековно - Радовиш – наставник-ментор во програмата Access Scholarship 2024-2026, поддржана од американска амбасада и МЦГО Скопје.
-17 - 19.09.2025 – Струга – Летен камп со ученици, наставник-ментор во програмата Access Scholarship 2024-2026
-Септември, 2025 – пополнување Електронска апликација за кариерно напредување наставник-ментор
-17.10.2025 – ELTOC Chapter 11 Block 2 – Oxford Professional Development Event – учество на онлајн работилници за професионално усовршување организирани од страна на Oxford University Press, во времетраење од 300 минути
-Октомври – тековно – Секретар на Училишна матурска комисија за полагање државна и училишна матура
-27ми - 31ви Јануари, 2026 - Тирана, Албанија – Обука за наставници: “Sport for Development (S4D) Training” организирана од страна на GIZ и RYCO како дел од проектот “RYCO Super Schools”

-27ми Април, 2026 - онлајн семинар (вебинар) преку платформата Access CoP (Community of Practice) - “ISTE Author Webinar: The National Park Classroom (Project-based Learning v.s Projects)” – презентер: James Fester

-5ти Мај, 2026 – онлајн семинар (вебинар) преку платформата Access CoP (Community of Practice) - “ISTE Author Webinar: AI and Tech Integration in Schools” – презентер: Dr. Rachelle Dené Poth

-21ви Мај, 2026 - онлајн семинар (вебинар) преку платформата Access CoP (Community of Practice) “Global Connections: How to Plan Student Virtual Exchanges” – презентери: Maggie Espino, Walaa Salem

Нина Железарска

- 10.10.2025 обука за „Зајакнување на вештините на стручните соработници и кариерни советници за професионална и кариерна ориентација на учениците“, во Струмица, СОУ„Никола

Карев“, организирана од страна на Друштво за маркетинг и адвертајзинг Глобал нет ДООЕЛ, Скопје;
- ноември 2025, Учество на онлајн „Воведна обука за кариерно советување“ од МОН со цел запознавање и продлабочување на знаења за реализирање на кариерното советување во училиштето; добивање на насоки за водење на работилници; водење на документацијата поврзана со кариерно советување.
-учество на обука за “Зајакнување на вештините на стручните соработници и кариерни советници за професионална и кариерна ориентација на учениците” на 10,10,2025, во Струмица, СОУ “Никола Карев”, организирана од страна на Друштво за маркетинг и адвертајзинг Глобал нет ДООЕЛ, Скопје;

-учество на Воведна обука за кариерно советување од МОН со цел Запознавање и продлабочување на знаења за реализирање на кариерното советување во училиштето; обивање на насоки за водење на работилници; водење на документацијата поврзана со кариерно советување, ноември 2025;

-учество на обука ”Напредни техники и алатки за кариерно советување и индивидуално насочување и поддршка на учениците” одржана во Струга и организирана од Глобал нет Ад, мај 2026;

-учество на онлајн обука “Инклузивно кариерно насочување и интервју за работа кај млади со специфични тешкотии во учењето” организиран од страна на Здружение за дислексија Ајнштајн, мај 2026;

Ружица Кулушиќ

- 20.08.2025 – Примена на дигитални алатки за интерактивна и персонализирана настава;
- 26.08.2025 – Обука за нови наставни програми за прва година.

Маја Караманова Сулева

- 24-25.10.2025 – учество на Конференција заДигитално образование 2025 – Centar za obrazovne tehnologije Zapadni Balkan;
- 06.11.2025 – ЛЕАД, Учество на вебинар Финансиска училница;
- 13.11.2025 – ЛЕАД, Учество на вебинар Гејмификација – користење на игри за развој на креативност и критичко размислување;

- 21-22.11.2025 – Учество на Четвртата мировна конференција за мировно образование, во Скопје Прва детска амбасада Меѓаши;
- 10.12.2025 – учество на вебинарот за стекнати знаења на ЕдуЛаб „Законски обврски и стратегии за справување со насилство и ученичко учество“.
-24.03.2026 - учество на настан „Перспектива - кариерни можностиво сајбер безбедност“ - CyberReady Balkans, Скопје.
- 06.05.2026 - учество на вебинар „Како да си ги препознаеме учениците со дискалкулија и АДХД“ организиран во рамките на Еразмус + проект Skill Compass.
- 22.01.2026 - учество на Јавен повик за училишта 2025, „Училишни активности за сајбер безбедност, заштита на личните податоци и безбедно користење интернет“, Центар за интернет, развој и добро владеење во соработка со MKSAFENET.

Катерина Донева
- 2-22.11.2025 - Учество на Четвртата мировна конференција за мировно образование, во Скопје Прва детска амбасада Меѓаши.

Наташа Спасевска
- 01.10.2024 - наставник-ментор во програмата Access Scholarship 2024-2026, подржана од американска амбасада и МЦГО Скопје.
- 15.07.2025 - „Cambridge One Webinar YourHome for Digital Learning“ - Cambridge University Press && Assessment (Арс Ламина - публикации)
- 05.11.2025 - online webinar - Како да привлечете идни ученици: Промоција и маркетинг за наставници и училишта Клуб на наставници, Здружение на Лидери за едукација, активизам и развој LEAD;
- 24.11.2025 - Access Methodology Webinar, Access Teacher Cop: Using Inquiry Notebooks to Make Small Changes in your Teaching, у Access Community of Practice, USA.
- 04.12.2025 - Using Al to develop writing skills for secondary learners, у Cambridge One Team, CambridgeEnglish.org
- 06.01.2026 - Online Pre - deparature Webinar, by Fulbright TEA Team, Florida Gulf University Fort Mayers.
Од 21 јануари до 12 март 2026
Учество со физичко присуство на академски семинари на универзитетот Florida Gulf University Fort Mayers, во Флорида, САД.
*Teaching methodologies and techniques
*INSTRUCTIONAL TECHNOLOGY
*Englishas a second language Teaching / EFL
*Field Experience (2 седмици реализација на практични часови со средното училиште Estero HS, Lee County District, Florida).

Онлајн обуки со учество на семинари преку ACCESS Community of Practice
* April 27, 2026, - ISTE Author Webinar: The National Park Classroom (Project-based Learning v.s Projects) by James Fester, Access CoP,
* May 5, 2026, - ISTE Author Webinar: AI and Tech Integration in Schools by Dr. Rachelle DenéPoth, Access CoP,
*May, 21st, 2026 - Global Connections: How to Plan Student Virtual Exchanges – presenter Maggie Espino, Access Educator Walaa Salem.
Од 01.10.2024 – тековно и сé уште – наставник-ментор-координатор во програмата Access Scholarship 2024-2026, поддржана од американска амбасада,State Department of the USA, и МЦГО Скопје.
Од 2013 до денес - МЕНТОР-КООРДИНАТОР на МАССУМ при СОУ "Коста Сусинов" Радовиш.

Марија Вантов

- 19-20.08.2025 – учество на работилница на тема: „Наставна програма – Ревидирана со вклучување на зелени и дигитални вештини.

Емилија Котева Ристова

- 10.10.2025 – Учество на обука за зајакнување на вештините на стручните соработници и кариерни советници за професионална и кариерна ориентација на учениците во СОУ„Никола Карев" – Струмица.

Љупка Туџарова-Аврамова

15. 07.2025 - "Discover Cambridge One" – Cambridge English Teaching – Cambridge University Press &Assessment

17.07.2025 – "Choosing the Right Coursebook" - Cambridge English Teaching – Cambridge University Press &Assessment

26.05.2026 – "Dyslexia in the ESL Classroom: Practical Strategies That Work" - Cambridge University Press &Assessment

Валентина Ристова

11-ти Септември- Вебинар за наставници по англиски јазик (Обука за нов учебник во прва година гимназиско образование- Empower)

24-ти Февруари- Сертификат за учество на вебинар “Cambridge English Webinar- Delivering feedback that moves learning forward for secondary learners”

30-ти Април -Сертификат за учество на вебинар “Cambridge English Webinar : Neurodiversity: inclusive pedagogy, fostering effective learning for all”

Габриела Митева Коцев

- 26.08.2026 - учество на обука за нови наставни програми

- 01.07.2026 - учество на обука за нови наставни програми

НАСТАВА - ВИДОВИ НАСТАВА

Организација на воспитно-образовната дејност во училиштето

Теоретската настава се организира во гимназиското и стручното образование според соодветните наставни планови и програми, на македонски и турски наставен јазик.

Учење преку работа се организира во геолошко-рударската и металуршката струка како и во електро-техничката струка. Исто така наставата во геолошко-рударската и металуршка струка како и градежната струка –градежен техничар се реализира по принципот на дуално образование во соработка со фирмите Бучим и Боров Дол, Техно инженеринг, Градба Т, Техника.

Во геолошко-рударската и металуршката струка Учење преку работа се одвива во Боров дол и Бучим. Во III година има две групи по 16 часа, а додека пак во IV година 10 часа за реализација на учење преку работа. Феријалната пракса се реализира во фирмите со кои училиштето има склчено договори и тоа со 10 часа во I година, 15 часа во II година и 20 часа во III година.

Во градежно-геодетската струка Учење преку работа е застапен со 4 часа во II година и 10 часа во IV година кои се реализираат во градежни фирми во општина Радовиш.

Во II година се реализираат 15 дена, а во III година 20 дена феријална пракса. Во оваа струка во учебната 2025/2026г. нема запишани ученици во прва и четврта година.

Во машинската струка Учење преку работа е застапен со 4 часа и тоа во II година.
Во III година имаат 15 дена феријална пракса.

Учење преку работа во електротехничката струка е застапена со 4 часа во III година и 6 часа во IV година. Во I година имаат 5 дена, II година 10 дена и III година 15 дена феријална пракса.

Во економско- правна и трговска струка во I прва година имаат 10 дена феријална пракса.

Поради недостигот од просторни капацитети и големиот број на паралелките, работата во училиштето се одвива во две смени и тоа:

- прва смена со почеток во 7 :30 до 13:25 часот;
- втора смена со почеток во 13:30 до 19:25 часот;

Во една смена се изведува настава за учениците од втора и четврта година (16 паралелки), а во другата смена прва и трета година (16 паралелки).

Воспитно-образовната дејност во текот на оваа учебна година се реализираше во вкупно 180 наставни денови и 165 наставни денови за завршната година на образованието.

Покрај редовната настава за учениците е организирана:

а) **додатна настава** за надарени и талентирани ученици кои побрзо напредуваат во совладувањето на програмските содржини, со можност за забрзано напредување;

б) **консултативна настава** се организира за ученици кои напредуваат забрзано во усвојувањето на програмите и за ученици кои се стекнуваат со средно образование по вонреден пат;

в) **дополнителна настава** се организира за ученици кои од разни причини имаат потешкотии во совладувањето на програмските содржини.

Додатната и дополнителната настава се изведуваат според посебно изготвени програми од страна на предметните професори и реализацијата на истата е евидентирана во дневниците на паралелката.

Проектните и воннаставните активности, како и слободните часови на училиштето во стручното образование, се изведуваат во термините, договорени помеѓу учениците и наставниците, по завршувањето на редовната настава.

На часовите на класните заедници од I до IV година, се реализира програмата за животни вештини.

Отворен ден на училиштето

Секоја година училиштето одржува отворен ден за деветтооделенците и на истата учествуваат сите основни училишта и нашата гимназија. Оваа година отворениот ден на нашето училиште се одржа на 26.05.2026 на кој беа добредојдени учениците од деветто одделение од сите основни училишта во нашата општина и општина Конче.

Нашите ученици имаа можност да ги претстават тековно постоечките струки:

- Електротехничка струка со два профила: електротехничар - енергетичар и електротехничар за компјутерска техника и автоматика;

- Геолошко-рударска и металуршка струка со еден профил: геолошко-рударски техничар;

- Машинска струка со еден профил: машински техничар;

- Градежно-геодетска струка со еден профил: градежен техничар.

- Економско-правна и трговска струка со еден профил: техничар за е-трговија.

Исто така, беше претставено и гимназиското образование.

Во текот на овој ден, беа организирани многубројни креативни активности за подобра забава и дружење на сегашните и идните ученици.

Прослава на патронен празник

На 28 април се одржа Свечената академија за прославување на патрониот празник и по повод истиот, се одигра драмско сценски приказ „Ние сме моќни“ од прва до четврта година, а под менторство на проф. Катерина Диманова Јованова и Габриела Митева Коцев. Свечената

академија беше збогатена со настапот на училишниот хор и соло изведувачи – учениците Јана Јованова, Александар Петров и Теодор Ефтимов под менторство на проф. Рушка Евтимова. Сите активности планирани за прославување на патрониот празник беа успешно реализирани.

На 29 април, со свечено положување на цвеќе пред бистата на „Коста Сусинов“ во дворот на училиштето, се одбележа прославувањето на патрониот празник.

Родителски средби и презентација на нашето училиште за идните ученици

Оваа учебна година беа одржани 4 редовни родителски средби за учениците од I до IV година и една групна родителска средба за екскурзијата за III година.

Исто така, во месец март, април и мај беа реализирани работилници со ученици од нашето училиште и основните училишта од нашата општина, а беше организиран и отворен ден на училиштето за полуматурантите од основните училишта.

Училишна веб страна

Тековно беа ажурирани податоците на постоечката веб страна на училиштето, каде се објавувани сите новости и информации во врска со работењето на училиштето со помош на наши ученици и под менторство на наставник Славица Атанасова.

ТРИБИНИ, ПРЕДАВАЊА И ОСТАНАТИ ВОННАСТАВНИ АКТИВНОСТИ

Во месец септември 23 ученици од СОУ “Коста Сусинов” Радовиш, стипендисти на ACCESS програмата поддржана од Стејт Департментот на САД, заедно со проф. Катерина Сусинова и Наташа Спасевска – ментори на проектот, учествуваа на Летен камп од 17-19 септември, 2025 во хотел Солферино во Струга. Организаторите на овој камп, воедно и на Access проектот во Македонија, МЦГО (Македонски Центар за Граѓанско Образование) Скопје, им овозможија на учениците пријатен престој, дружба и сплет на активности.

На кампот беа присутни и ACCESS групите од Струмица, Пробиштип и Велес, и сите беа почестени со присуството на претставници од Американската Амбасада во Скопје и Американското Катче од Струга. Г-н Charles M. Santiago Morales, Public Diplomacy Officer, ги вклучи учениците во презентација и дискусија за одбележување на Денот на уставот на САД (Constitution Day), кој беше точно на 17ти септември, а претставниците на American Corner од Струга им организираа интерактивни работилници, како и игри од виртуелниот свет.

За време на овој камп учениците имаа можност подобро да се запознаат меѓусебно во самите групи, како и помеѓу другите градови, низ низа забавни и едукативни активности реализирани од професорите-ментори. Исто така беа реализирани и заеднички прошетки во Струга и Охрид. Сите предвидени културни, образовни, комуникативни како и еколошки цели беа задоволени, затоа што главната цел на овој проект е да ги подготвува младите луѓе за:

- ефективна комуникација со надворешниот реален свет низ тематска интеракција;

- критичко размислување преку правилно употребување на англискиот јазик и кооперативни стратегии за учење низ реални ситуации од секојдневниот живот;

- будење на свесноста за светот околу нив и креативноста во нив.

Под мотото Мирот започнува од нас во нашето училиште се одбележа
21 Септември-Меѓународниот ден на мирот.

Преку низа активности учениците дискутираа Што значи мирот за нив,како изгледа едно општество во кое владее мир,дали технологијата влијае за мир или конфликт...

Преку низа сценарија учениците покажаа како преку ненасилна комуникација се решава конфликтот.

Испратија пораки на тема '' Мирот преку моите очи''.

На 26.09.2025, во посета на нашето училиште беа г-н Томас, Ф. Ханиско, научник-истражувач од НАСА, неговиот проект-помошник Вилијам Ло, и г-ѓа Борка Танеска, претставничка од Американската амбасада во Скопје.

Нашите ученици ја имаа оваа ретка можност да присуствуваат на предавање од страна на НАСА експерт, од Одделот за атмосферска хемија и динамика, на тема “Влијанието на штетните гасови NO2, O3, HCHO и мерења на нивната присутност во воздухот”. Предавањето беше на

англиски јазик, а нашите ученици-стипендисти на програмата “Access”, како и други ученици од училиштето, покажаа голем интерес и после предавањето им поставија на гостите инетересни прашања, на кои тие со задоволство одговорија.

Овој настан беше одличен момент за нашите ученици да комуницираат на англиски јазик со говорител на кого англискиот му е мајчин јазик, и со тоа да ги продлабочат своите вештини за користење на англискиот јазик.

Во месец септември проектот на тимот ученици од нашето училиште под менторство на наставник Катерина Диманова Јованова беше едно од петте одбрани Service Learning проекти.

На 8 октомври во МладиХаб во Скопје, учениците заедно со своите наставници - ментори, ги претставија своите проекти и работеа на акциски планови и буџети, подготвувајќи се за вистинска реализација. Оваа активност се спроведува во рамки на проектот „LEADing Forward: зајакнување на капацитетите за одржлив развој“ SMART Balkans

По повод 2 октомври – Меѓународниот ден на ненасилството, во СОУ „Коста Сусинов“ – Радовиш се одржа работилница на тема „Заштита од сајбер насилство“. Во работилницата учествуваа ученици од нашето училиште.“

На 7 октомври во нашето училиште беше спроведено тајно гласање за избор на претседател и потпретседател на Средношколската унија. Секој ученик имаше можност да го даде својот глас.

На 16 октомври во нашето училиште беше одбележан светскиот ден на храна – “World Food Day”, На иницијатива и во организација на учениците-стипендисти на програмата “Access”, сите ученици и вработени можеа да донираат храна, на пр. тестенини, брашно, зејтин, конзервирани и пакувани производи, безалкохолни пијалоци и сл. и со тоа да помогнат некому. Оваа акција има за цел да се подигне свеста кај луѓето за оние кои страдаат од глад, како и за непотребното трошење и фрлање храна.

Акцијата е поддржана од организацијата “Црвен Крст” од Радовиш, кои собраните производи ќе ги достават до семејства кои имаат потреба од храна.

Искажуваме голема благодарност до сите ученици, професори и останати лица од персоналот во СОУ “Коста Сусинов” кои несебично се вклучија во акцијата, донираа храна и ја покажаа својата хуманост!

На ден 17.10.2025 година, во просториите на нашето училиште „Коста Сусинов“, Средношколската унија спроведе тајно гласање за избор на Ученички правобранител на учениците. Право на глас имаа сите ученици во училиштето.

Гласањето се одвиваше во мирна и демократска атмосфера, по што комисијата за пребројување на гласовите утврди дека за Ученички правобранител во нашето училиште е Анелиа Трајанова.

На 4 ноември, се одржа трибина на тема болести од зависности, во рамки на проектот ACCESS. На трибината учествуваа Црвен крст со врснички едукатор, доктор, претставник од полицијата и претставник од стручната служба на училиштето. Се дискутираше за темата, која беше детално објаснета и разјаснета, а учениците имаа можност да дознаат повеќе за причините и последиците од зависностите.

На 13.11.2025 год. професорката м-р Маја Караманова Сулева реализираше работилница на тема „Безбедно на интернет“. Учество зедоа ученици од втора година, психологот на училиштето и претставници од ОВР Радовиш. Преку игри, дискусии и практични примери се зборуваше за важноста на безбедноста на интернет, заштита на личните податоци и препознавањето на ризиците. Целта беше учениците да развијат критичко размислување и добри практики за безбедно користење на интернет.Учениците поставуваа инспиративни прашања и споделуваа идеи. Останете безбедни, останете паметни! Интернетот е одлично место ако го користите паметно.

На 18ти ноември имавме гостување од страна на Суад Сефери, ИТ експерт и обучувач на тема “Вештачка Интелигенција (ВИ) и безбедност во интернетот (Cyber security)”, кој исто така е и автор на првата книга за ВИ на Балканот „AI Journey“.

Access групата од Радовиш имаше можност да присуствува на обука за ВИ и интернет безбедност и преку практични примери да ја спознае можноста за правилно користење на ВИ како нова интернет алатка која овозможува поедноставување на секојдневното работење, помош при учењето и добивање дополнителни информации. Понатаму, важноста за проверување на добиените информации, валидноста на истите и пребарувањето на разни, сомнителни и непроверени интернет страници, го зголемува ризикот за злоупотреба на лични информации и "кражба на идентитет". Поради тоа важноста од безбедност во интернетот треба да е на највисоко ниво, а младиот човек треба да е внимателен додека ги користи интернет услугите и социјалните медиуми.

Покрај обуката, Access групата од Радовиш доби и неколку копии од книгата „AI Journey“ од обучувачот, како и електронска копија од „Практичниот прирачник со инструкции како да се користи ВИ“ – кои ќе им бидат од голема корист на младите за поефикасно и побезбедно користење на ВИ и интернет апликациите.

“Access English Microscholarship” Програмата е едукативно-образовна Програма за изучување на англискиот јазик и американската култура, која се реализира во СОУ "Коста Сусинов", Радовиш, во соработка со Македонскиот центар за граѓанско образование - МЦГО Скопје, а е финансиски поддржана од страна на Амбасадата на САД во Скопје.

Во месец ноември втора година по ред во нашето училиште се одржа младински натпревар во иновативни идеи - СРЕДНОШКОЛСКИ ХЕКАТОН на којшто беа претставени повеќе иновативни идеи од кои наградената идеја на тимот GenLab – опремување на Мултидисциплинарна „Smart Lab“ во СОУ„Коста Сусинов“ опремена со технологија за роботика, електроника и 3D моделирање, достапна за сите ученици за проектна настава, доби награда за реализација обезбедена од Бучим и Боров Дол.

На 28.11.2025 година учениците од III-2 клас го посетија Македонски народен театар и имаа можност да ја проследат театарската претстава ,,12"

по мотивите (12 Angry Men) од Реџиналд Роуз, а во режија на Синиша Евтимов.

Учениците од СОУ “Коста Сусинов” од Радовиш, членови на *ACCESS групата го завршија месецот ноември со еднодневна посета на ACCESS групата од Струмица. Подобро запознавање, споделување искуства и знаење т.е. употреба на англискиот јазик во секојдневниот живот, беа целите кои овие две групи ги реализираа преку прошетка, кафе шема и ручек во Струмица, како и сплет на групни активности за запознавање на културно-историските знаменитости.

Нашите вредни ученици го одбележаа месец ноември со многу активности, кои самите ги организираа и учествуваа во нив:

- трибини и работилници за болести на зависност,

- беа во улога на наставници и се покажаа вистински креативци во реализација на часови по нивни модел и методолошки пристап,

- го одбележаа Меѓународниот ден на филозофијата и споделија мисли од големите мислители кои и денес претставуваат вистински вредности во животот,

- ги споија убавините на есента, нејзините бои, производи и вкусови, со поезијата и нивната креативност во многубројни креации,

- искажаа голема благодарност до нивните фамилии, блиски, пријатели, наставници организатори и поддржувачи на оваа програма на Денот на благодарноста, во пријатна атмосфера на убава храна, мисирка печена и десерти и пијалоци – За здравје на сите.

* “Access English Microscholarship” Програмата е едукативно-образовна Програма за изучување на англискиот јазик и американската култура, која се реализира во СОУ "Коста Сусинов", Радовиш, во соработка со Македонскиот центар за граѓанско образование - МЦГО Скопје, а е финансиски поддржана од страна на Амбасадата на САД во Скопје.

На 3 декември учениците од нашето училиште го одбележаа Меѓународниот ден на лицата со попреченост, ден посветен на унапредување на правата, достоинството и целосната вклученост на сите лица со попреченост во општеството. Овој ден не е само потсетник на предизвиците со кои се соочуваат многу луѓе, туку и можност да се потврди нашата заедничка обврска за создавање општество во кое секој има еднакви можности.

На 17 декември во нашето училиште се одржа четвртата ораторска вечер на која земаа учество ученици од I до IV година од нашето училиште како и ученици од IX одделение од сите основни училишта од општините Радовиш и Конче. Целта на овој натпревар е да им овозможи на учениците да ги подобрат своите ораторски способности преку учество во активности што придонесуваат за развивање на говорничките способности. По завршувањето на излагањето на учениците, формираната комисија ги оцени истите и на најдобрите тројца во две категории - учесници од основно образование и учесици од средно образование, директорот на нашето училиште им додели признанија и награди.

Во месец декември беше реализирана работилница со претставник од електротехнички факултет од Универзитетот Гоце Делчев, Штип. Во просториите на нашето училиште СОУ Коста Сусинов, Радовиш на 12 декември, имаше гостинско предавање од страна на професорот Маја Кукушева Панева, од Електротехничкиот факултет при УГД.

Станува збор за едночасовна работилница со ученици од четврта година електротехнички смер IV 6, кои имаа можност да се запознаат со можностите и условите кои ги нуди овој факултет, како и можностите за стипендирање на најдобрите студенти.

Во месец декември нашите ученици кои се дел од Access групата исто така можност да се запознаат со креаторот на едукативно-друштвената игра “Караван Виа Егнација”, Иван Мицковски, игра која ја има освоено Европската награда за иновативно учење 2025. Играта е создадена во рамки на проектот “Via Egnatia – A wonderful Way to Play”, во кој еден од партнерите е Македонскиот центар за граѓанско образование - МЦГО.

На 18 декември во СОУ „Коста Сусинов” за прв пат се одржа уметничка Гала вечер која беше исполнета со прекрасна музика во живо додека истовремено триесетина талентирани ученици од нашето училиште и од основните општински училишта сликаа на платно. По завршувањето, уметничките дела беа претставени од учениците и оценети од страна на стручна комисија, а на најдобрите им беа доделени награди.

На 24 декември 2025 година Access групата од СОУ „Коста Сусинов” Радовиш реализираа акција “СО ЉУБОВ ЗА МИЛЕНА”, хуманитарен настан за собирање финансиски средства за помош на лице на кое му се потребни Access учениците и наставниците Катерина Сусинова и Наташа Спасевска, изработија многу Новогодишни и Божиќни украси, ги продаваа на Божиќен пазар, настан кој беше организиран во пресрет на Божиќните и Новогодишните празници.

На 10 јануари 2026 година ученици од СОУ„Коста Сусинов“ беа на ученичка размена во Врњечка Бања. Овој проект беше во насока на совладување на техники за медијација и ненасилно решавање на конфликти. Како партнер – соработник во проектот учество зеде и невладиното здружение „Женска акција“ од Радовиш. Учесниците имаа можност да ги запознаат активностите од Еразмус+ програмата со што се здобија со Youpass сертификати. Како лидери на групата од пет ученици и три веќе завршени ученици беа Јовица Илиќ и Македонка Илиќ.

Во периодот октомври-декември 2025 беа реализирани активности под менторство на професорката по математика м-р Маја Караманова Сулева имаа цел да ја подигнат дигиталната безбедност и свеста за заштита на приватноста кај младите. Овие активности беа реализирани преку поддршка од страна на MPETUS – Центар за интернет,развој и добро владеење и во соработка со MKSAFENET на кои 16 ученици успешно учествуваа и се секнаа со пласман меѓу најдобрите училишта на ЈАВНИОТ ПОВИК ЗА УЧИЛИШТА 2025 ,,Училишни активности за сајбер безбедност,заштита на личните податоци и безбедно користње интернет’’.

Во декември 2026 ученици од СОУ „Коста Сусинов“ заедно со корисниците на Дневниот центар „Порака“ во склоп на проектот „Од учење во училница до грижа за заедницата“ поддржан од Smart Balkans и LEAD, реализираа театарска претстава под мотото ТЕАТАР НА ЕДНАКВОСТ.

На 28.01.2026, д-р Магдалена Лукарова, специјалист дерматовенеролог, одржа едукативно предавање на тема “Кожата како огледало на здравјето на личноста” во СОУ “Коста Сусинов” - Радовиш, на учениците од трета година. Целта беше да се едуцираат учениците за важноста на

здрава кожа, како и да се подигне свеста за грижа и нега на кожата кај младите. Настанот се одржа во кабинетот по биологија.

На ден 04.02. и 06.02.2026 година во училиштето се реализираше дисеминација од Еразмус плус проектот ,,Dok ne bude kasno,, (врсничка медијација –потреба и можност да се дојде до решение) во кој проект учествуваа наши поранешни и сегашни ученици. Проектот беше реализиран во периодот од 10-19 јануари 2026 година во Врњачка Бања (Србија).

Во месец февруари, учениците од СОУ „Коста Сусинов“ одржаа заеднички работилници, на тема "Другарство", одржаа наши ученици - учесници во програмата "Access" со учениците од деветите одделенија од ООУ „Никола Карев" и од ООУ
„Крсте П. Мисирков", под менторство на проф. Катерина Сусинова.

Учениците се дружеа преку разновидни игри и интерактивни активности, ставајќи акцент на важноста на другарувањето и секојдневниот друштвен живот на младите.

Во месец февруари во рамките на проектот "Одговорноста започнува со избор" зборувавме за работи кои можат да го променат животот. Нашите ученици имаа ретка можност да ги слушнат трите клучни перспективи на пороците кои и се закануваат на младоста. Доктор Русандра Даов ги објасни физичките последици од цигарите, алкохолот и дрогата. Помлад Инспектор Невенка Коцев сурово и искрено зборуваше за казнените мерки и како направените грешки можат да ја уништат иднината. Социјалниот работник Билјана Атанасова го објасни социјалниот притисок врз секојдневниот животот и семејството.

На 28 - ми февруари, ученици од четврта година од СОУ “Коста Сусинов”, Радовиш заедно со професорката Нина Железраска, а во рамките на програмата предвидена за кариерно советување, го посетија Саемот за образование и кариера во Скопје, организиран од страна на Студентарија и City Mall Скопје. Учениците имаа можност да ги посетат многубројните штандови кои ги преставуваа државните и приватните факултети, како и академии и одблиску да се

запознаат и да прашаат подетални информации во врска со високото образование и она што го нудат на нив.

Во месец март, учениците на ,,Коста Сусинов" од економската струка имаа можност да се запознаат со реални предизвици кои ги бара нивното стручно образование преку реализирана посета и работилница на 6- ти Ноември БСУ ДООЕЛ.

Во месец март учениците од СОУ Коста Сусинов - Радовиш од Економска струка – дигитален маркетинг, исто така беа во посета на Телевизија Кобра, каде имаа можност да се запознаат со работата на телевизијата и реалните предизвици кои ги бара нивното стручно образование.

Во месец март учениците од градежно-геодетската струка со нивните професори извршија посета на повеќе објекти кои се во изградба на компанијата Градба Т во Дојран при што одблиску можеа да се стекнат со вештини и знаења кои ќе ги подготват за идните предизвици.

Во месец март во нашето училиште исто така се одржа едукативно предавање и презентација на проектот „Cyber Ready Balkans“, реализирани од претставник на ИМПЕТУС – Центар за интернет, развој и добро управување.

Учениците се запознаа со основните аспекти на сајбер безбедноста, можностите за понатамошно образование и кариерен развој во оваа област. Предавањето предизвика интерес кај учениците и придонесе за подигнување на нивната свест за безбедноста во дигиталната средина и за современите професии поврзани со технологијата.

Проектот „Cyber Ready Balkans: Водич за младите кон сајбер безбедноста“ го спроведува ИМПЕТУС како дел од грант програмата Chevening Western Balkans Cyber Security Fellowship за 2025 година.

Во месец март како дел од активностите од проект во партнерство со основно и средно училиштето „Петро Кузмјак “ од Руски Крстур, Србија кој е наречен „СПОРТ ЗА СИТЕ“ .еше

реализирана работилница ,,Здраво тело, здрав дух" од страна на професорите Славе Трајанов и Јовица Илиќ кои ја прикажаа смислата на животот. Меморија активност со која на интересен начин проверивме дали учениците ги запомнија имињата на учениците од партнер училиштето и тимови од мешан состав го бараа ,,Скриено богатство низ градот" со што нашите гости ги запознаа најзначајните знаменитости во нашиот град.

Во месец март учениците од секторот електротехника -компјутерска техника и автоматика, денес извршија посета на компанијата Амфенол Технолоџи Македонија ДООЕЛ Кочани со која училиштето има меморандум за соработка за добивање на практични вештини.

Во месец март , учениците од СОУ ,,Коста Сусинов" беа дел од натпреварот ,,Сметководствена супер лига". Ученицте имаа можност да ги развијат своите практични вештини и да го промовираат нашето училиште на Економскиот факултет во Штип на катедрата за Сметководство и ревизија.

Во месец март учениците од Геолошко-рударска и металуршка струка, Металуршки техничар беа во посета на Макстил , топла валавница. Учениците имаа можност да го видат целокупниот процес на валање до добивање на дебел лим.

Во месец април во рамките на проектот,,Одговорноста започнува со избор " се одржа предавање ,,Силно семејство безбедна заедница" во соработка со Ели Пачемска од Совет на родители, д-р Стефанија Методова од Здравен дом , социјален работник Билјана Атанасова од Центарот на Социјални работи и координаторот на проектот Венка Тадирова.

Во месец април учениците од проектот ACCESS, под менторство на проф. Наташа Спасевска, го организираа одбележувањето на Светскиот Ден на планетата Земја, World Earth Day, и заедно со многу други ученици од СОУ “Коста Сусинов” спроведоа акција под мотото “To live the world better than you found it, sometimes you have to pick up other people’s trash.” – Bill Nye, или на македонски јазик “За да го оставиш светот во подобра состојба од како што си го затекнал, понекогаш треба да го собереш отпадот од другите луѓе.”

“Our Power, Our Planet” е интернационалното мотото што треба да ги поттикне сите луѓе да бидат посовесни за своите активности за заштита на нашата планета.

Учениците ја спроведоа кампањата преку акција за чистење на отпад во и надвор од училишниот двор на гимназијата, како и засадување цвеќиња. Исто така поделуваа пораки напишани на англиски и македонски јазик на учениците, вработените и случајни минувачи.

Во месец април беше одржана работилница по германски јазик на која учествуваа ученици од СОУ „Коста Сусинов“ и ученици од девето одделение од ООУ „Коста Рацин“ од с. Подареш и ООУ „Орце Николов“ од с. Ињево.

Во месец мај 2026г. петта година по ред, заедно со Фондацијата Конрад Аденауер, се доделува наградата „најГЛАСни!“ – признание за ученичките заедници кои покажуваат дека младите не се само дел од училиштето, туку можат активно да го менуваат и подобруваат. Оваа година на овој настан нашето училиште го претсттвуваа ученичките Анастасија Ржева, Евгенија Ристова и Анелиа Трајанова и истите беа дел од најдобрите училишта кои влегоа во финалниот избор.

ОРГАНИЗИРАЊЕ И АНГАЖИРАЊЕ НА СУБЈЕКТИТЕ ВО УЧИЛИШТЕТО

Организирањето и ангажирањето на сите субјекти во училиштето е во согласност со Законот за средно образование, другите законски и подзаконски акти. Во текот на оваа учебна година, се настојува кон поактивен однос на класните заедници во следење на наставата по сите предмети и пововремено изнесување на состојбите и промените кои се забележуваат.

Во сите класни заедници се посочува важноста од почитувањето и придружувањето кон кодексот на правата и обврските на учениците во рамките на училишниот двор и надвор од него.

ЕКСКУРЗИИ

Во годишната програма се предвидени ученички излети и екскурзии според програмата изготвена по упатствата за планирање и организирање на истите. Ученици од СОУ „Коста Сусинов“ секоја година имаат можност да присуствуваат на еднодневен излет, есенски и пролетен ден. Учениците и професорите зедоа учество во еднодневен излет (есенски и пролетен ден), активност од рекреативен, едукативен, забавен и еколошки карактер со пешачење и возење велосипеди до месноста Канлиева воденица, кај манстирот Св. Архангел Гаврил, во близина на нашиот град Радовиш.

За учениците од трета година, во согласност на Советот на родители и УО, секоја година се организира повеќедневна екскурзија која, вообичаено, се состои во посета на неколку атрактивни европски дестинации. Во периодот од 03.05.2026 до 08.05.2026 беше реализирана повеќедневна завршна екскурзија за учениците од трета година. Истата беше на релација Белград – Трст - Венеција - Верона – Милано – Постоинска јама - Загреб. Екскурзијата ја реализираа вкупно 94 ученика и 9 наставници.

Воспитно - образовните цели и задачи на екскурзијата, како што се: запознавање на културните и естетските вредности на државите чии градови беа посетени, негување на забавно - рекреативен и социјализациски карактер, јакнење на меѓучовечките вредности, развивање позититивен однос кон национални, уметнички, научни и општокултурни вредности, како и проширување на знаењата стекнати по одредени предмети беа постигнати.

ЗАШТИТА И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗДРАВЈЕТО НА УЧЕНИЦИТЕ И ВРАБОТЕНИТЕ

Во текот на месец октомври беше реализиран лекарски систематски преглед за учениците од I и IV година во СОУ „Коста Сусинов“ а во месец април беше извршен и редовен санитарен преглед за вработените во училиштето.

Следење и оценување на успехот на учениците

Во текот на целата учебна година, се вршеше систематско следење на резултатите од страна на директорот и стручната служба на училиштето.

Систематското следење на резултатите од учењето на учениците во текот на учебната 2025/2026 се реализираше во согласност со Законот за средното образование,

Правилникот за начинот на следење, проверување, оценување, полагање на испити и напредување на учениците во средното училиште и Статутот на училиштето.

ЛИСТА НА УЧЕНИЦИ КОИ УЧЕСТВУВАЛЕ НА НАТПРЕВАРИ ВО ПРВОТО ПОЛУГОДИЕ ОД УЧЕБНАТА 2025/ 2026

Ораторска вечер организирана од СОУ „Коста Сусинов“ - Радовиш

Катерина Диманова Јованова - ментор

Евгенија Ристова - прво место

Данче Митковска - второ место

Ивана Трајкова - учество

Ива Димитериева - учество

Ева Атанасова - учество

Теодора Секулова - учество

Јована Димитрова - учество

Борис Василев - учество

Бранкица Рибарова - учество

Спасија Спасова - учество

Сања Маринковска - ментор

Елена Арсова - учество

Ивана Петрова - учество

Мартина Лазарова - учество

Деспина Гинова - учество

Теодор Евтимов - учество

Ангела Атанасова - трето место

Надица Станишкова - учество

Марија Поцева - учество

Габриела Митева Коцев - ментор

Памела Митева - учество

Тамара Чабукова - учество

Катерина Крстева - учество

Државен натпревар по македонски јазик и литература

Данче Митковска – III награда

Христина Пранговска – III награда

Ментор: Катерина Диманова Јованова

Регионалниот натпревар по македонски јазик и литература

Данче Митковска – II награда

Христина Пранговска – I награда

Ментор: Катерина Диманова Јованова

Држававен рецитаторски натпревар по македонски јазик

Ана Ѓоргиевска - учество

Јасмина Манева –учество

Ментор: Катерина Диманова Јованова

Државен натпревар по биологија

Вероника Костадинова III год.втора награда Славе Трајанов

Јасмина Манева I год. втора награда Славе Трајанов

Спасија Спасова I год. втора награда Славе Трајанов

Борис Василев I год. втора награда Славе Трајанов

Габриела Вучкова I год. трета награда Славе Трајанов

Леонид Ефтимов I год. пофалница Славе Трајанов

Ива Димитриева I год. учество Славе Трајанов

Анелија Трајанова II год. трета награда Даниела Горгиева

Дајана Јованова II год. пофалница Даниела Горгиева

Марија Поцева II год. учество Даниела Горгиева

Лиле Димитриева II год. учество Даниела Горгиева

Стефанија Тасева II год. учество Даниела Горгиева

Ана Ристова II год. учество Даниела Горгиева

Надица Станишкова II год, учество Даниела Горгиева

Регионален натпревар по биологија

I година:

Јасмина Манева I награда

Борис Василев III награда

Спасија Спасова II награда

Ива Димитриева I награда

Габриела Вучкова II награда

Леонид Ефтимов II награда

Ментор:Славе Трајанов

II година

Анелиа Трајанова I награда

Марија Поцева I награда

Ана Ристова I награда

Дајана Јованова I награда

Лиле Димитриева I награда

Надица Станишкова I награда

Теодора Јефремова учество

Стефанија Тасева II награда

Ментор:Даниела Ѓоргиева

III година

Вероника Костадинова I награда

Ментор: Славе Трајанов

Општински натпревар по биологија

I година

Јасмина Манева II награда

Борис Василев II награда

Спасија Спасова II награда

Ива Димитриева III награда

Габриела Вучкова III награда

Леонид Ефтимов пофалница

Анастасија Николовска - учество

Ментор: Славе Трајанов

II година

Марија Поцева II награда

Ана Ристова III награда

Анелиа Трајанова III награда

Дајана Јованова III награда

Лиле Димитриева III награда

Марија Лукарова III награда

Надица Станишкова пофалница

Теодора Јефремова пофалница

Стефанија Тасева пофалница

Елена Јорданова - учество

Ментор: Даниела Ѓоргиева

III година

Вероника Костадинова II награда

Ментор: Славе Трајанов

Државен натпревар по англиски јазик

I година:

• Анастасија Николовска - III награда

• Дарија Лазарева - III награда

Ментор: Валентина Ристова

II година:

• Александра Петрова - I место

• Давид Тренчев - III награда

Ментор: Љупка Туџарова-Аврамова

III година:

• Анастасија Ржева - II награда

• Вероника Костадинова - III награда

Ментор: Наташа Спасевска

Регионален натпревар по англиски јазик

I година:

Дарија Лазарева - II награда

Анастасија Николовска - II награда

Ментор: Валентина Ристова

II година:

Давид Тренчев -II награда

Александра Петрова - II награда

Ментор: Љупка Туџарова-Аврамова

III година:

Вероника Костадинова- II награда

Анастасија Ржева - II награда

Ментор: Наташа Спасевска

Општински натпревар по англиски јазик

I година:

Дарија Лазарева - II награда,

Анастасија Николовска - III награда

Ментор: Валентина Ристова

II година:

Давид Тренчев - II награда

Александра Петрова - III награда

изработија пет флаери. Флаерите ги изработуваат во Canva, каде во предходната работилница направивме група со што учениците добија можност за користење на сите темплејти . Исто така на овие средби се вршеа подготовки и насоки како се прават сценарија за форум театар и кои се правилата. На 13.03.2026 и 17.03.2026 а со учениците од втора и четврта година 18.03.2026 и 30.03.2026 година беше одржана работилница за Форум театар. Учениците беа поделени во 4 групи според интересот за темата, при што една група имаа тема Зависност од дрога, втората зависност од пушење, трета зависност од алкохол и четврта зависност од игри на среќа. На учениците им беше дадено време да осмислат дополнување на сценаријата а на останатите учесници им беа дадени напатствија како треба активно да се вклучат во форум театарот со давање на совети и поставување на прашање. Како крајна цел на форум театарот е снимање заклучна порака кои учениците ги споделија на тикток, инстаграм и рилсови. Во текот на месец март беше одржана Панел дискусија на тема Јас бирам- јас одлучувам. Панел дискусијата беше одрѓана во училишната аула. Во модератор беше координаторот на проектот венка Таадирова, а учесници беа доктор Русандра Даова, социјален раоботник Билјана Атанасова од Центарот за социјални работи , помлад инспектор Невенка Шароњева и представник од Совет на родители Елана Пачемски.

Во рамките на проектот беше одржана Работилница „ Јас избирам здрав живот “31.03.2026 година за учениците од прва и трета година и 02.04.2026 за учениците од втора и четврта, за животни вештини -одлучување и самоконтрола . работилниците за животни вештини на многу интересен и креативен начин беа разработени самоконтролата и донесувањето на одлуки. Со помош на игри развија техники со кои ја определуваа својата припадност во дадена група, определуваа начини за промени на ставови и на крај вршеа одлучување на друг при што сватија колку лесно можат да одредуваат ставови да донесуваат одлуки кога се однесува за друг и како треба да вежбаат за да донесуваат важни во нивниот живот. На овој начин работевме на краткорочните и долгорочните цели на самиот проект, и со помош на интерактивни игри покажавме дека влијанието на социјалните медиуми и опкружувањето влијаат во голема мера на нашите навки, одлуки и однесување. Разработивме техники за разумно донесување на одлуки со цел да се намалат зависностите а со тоа да се намали малолетничката деликвенција. (Краткорочни и догорочни последици)

Изработка на постери , учениците беа поделени во 4 групи за изработлка на постер во кој ќе бидат опфатени позитивните и негативните страни од зависности од дога, алкохол, цигари, игри на срека и малолетничка деликвенција и на секој постер да се внесат пораки со кои ќе влијаеме на јавноста за промена на нивните ставови. Две групи ученици работеа на кратки видеа со кои едукативни ќе влијаеме врз јавната свест за намалување на зависноста од алкохол, пушење,

Видеата и постерите ги споделуваа на тик ток, инстаграм и рилсови со што видеата и постерите беа видени од голем број корисници на социјални мрежи.

Форум театар

Учениците беа поделени во четири групи а секоја група имаше зададено тема на која треба да направат сценарио во кое ќе има (ситуација во која наведуваат лица да пијат иако одбиваат)

15.04 Предавање Силно семејство безбедна заедница во соработка со представници од Совет на родители , лица од МВР, Центарот за социјална работа, Здравен дом Радовиш. На оваа предавање разговаравме со учениците колку е важно да се разговара со членовите од семејствата, со наставник или предсавник од стручна служба за да можат да се надминат недоразбирањата, стравовите и голем број недоумици. Осврнувајќи се на спроведента анкета каде во најголем дел учениците пијат, пушат или се дрогираат поради тоа што сите околу нив го прават, но значајна е бројката на одговори што го прават од досада. Оваа предавање го насочивме кон овие клучни фактори а представникот од Совет на родители ги охрабри учениците да разговараат со родителите, со наставниците да прашуваат да не се срамат од видот на прашањето бидејќи само така можеме да надминеме проблем. На предавањето и координаторот на проектот зборуваше за тоа колку спортот е важен за правилниот психофизички развој или наоѓање на хоби или работа а се осврнавме и на прекумерното користење на социјални мрежи и нечитањето на книги кои ја зголемуваат креативноста и ја будат фантазијата.

21.04 Изработка на постери и флаери за ризици и малолетничка деликвенција учесниците од проектот заедно со Даниела Ѓоргиева

22.04 Изработка на постери и флаери за ризици и малолетничка деликвенција од страна на учесниците во проектот и наставниците Катерина Донева и Јовица Илиќ

29,04 Спроведена акција за делење на флаери и лепење на постери од страна ана учесниците од проектот од прва и трета година . Учениците беа поделени во четири групи при што имаа задача да влезат во паралелките од 9 одделение и да им ги објаснат целите на проектот , како да се превенира од зависности и на учениците им беа поделени едукативни флаери .

05. мај Во рамките на Отворен ден на училиштето организиравме изложба на изработените постери а на основците гости им поделивме флаери. Во просториите на кабинетот организиравме едукативни игри за здрав живот..

На 01.06.2026 организирани подготовки за отворениот ден каде изработивме план за ангажираност во активностите за пречек на учениците од основните училишта во кои со помош на игра Скриено богатство ќе ги приближиме учениците со нашето училиште а ќе земат учество и во активностите од нашиот проект.

На 03.06. 2026 Беше организиран завршен настан и работилница заедно со представниците од Средношколската унија . На работилниците со Средношколска унија донесовме заклучок за формирање на Ученички противен клуб кој во рамките на Годишната програма за работа ќе планира и организира активности за подигање на свеста за превенција од зависности.

На завршниот настан беа презентирани сите изработки постери, флаери, видеа и беа поделени потврди за учество на учениците а на соработниците благодарност за соработка и учество во проектот.

Со овој проект допревме до многу проблеми, многу предизвици и заднички си дадовме за цел да работиме на превенцијата од зависности и малолетничката деликвенција.

Јуни, 2026

Координатор на проектот

Венка Тадирова

СОУ„Коста Сусинов“ - Радовиш

ИЗВЕШТАЈ ОД СПРОВЕДЕНА ОБУКА ЗА БЕЗБЕДНОСТ, ПРАВА И ОБВРСКИ ПРИ РАБОТА

Како дел од подготовката на учениците од прва година во стручно образование за Феријална пракса , училиштето СОУ „ Коста Сусинов“ Радовиш спроведе обука за Безбедност, права и обрски при работа. Обуката ја реализираа Венка Тадирова и Ѓоше Коцев како координатор за практична настава. Учениците од прва година од Геолошко рударска и металуршка струка, Електротехничка струка, Градешно геодетска струка и Економско правна струка, неколку класни раководители и неколку предметни наставници. На 2.06.2026 година во просториите на училиштето беа повикани сите ученици од прва година од споменатите струки каде со интерактивна презентација им беа презентирани најнапред важноста на здравите навики , потоа беа презентирани опасностите на работно место и кои безбедонсите мерки треба да се преземат при работа. Беа презентирани знаците за предупредување по категории и групи . Во обуката беа опфатени и начините на реакција при итни случаи. Во обуката беше опфатен и законот за Здравје при работа и беа образложени правата обврските на вработените кои се однесуваат на безбедноста и здравје на работно место. Во четвртиот дел од обуката беа образложени правата и обврските на работникот во однос на неговите работни задачи и исполнување на обврски.

Во последниот дел од обуката се опфати начиниот на водење на дневникот за Феријална пракса согласно програмата за нејзино извршување која е прилагодена според работното место и работна ораганизација во која ученикот ќе извршува работни задачи.

На крајот на обуката координаторот за практична настава и подели потврди на учениците кои ја следеа обуката.

Изготвил

Венка Тадирова

СОУ„Коста Сусинов“ - Радовиш

Годишен извештај за “Access”

Програма за стипендирање и изучување на англиски јазик

во учебната 2025/26 година

- **<u>Цели и активности на програмата</u>**:

“Access”е две-годишна програма за стипендирање на учченици од 15 до 18 години, поддржана од Стејт Департментот на САД, во организација на МЦГО – Македонски центар за граѓанско образование, и во соработка со СОУ “Коста Сусинов”, Радовиш.

Главна цел на програмата е изучување на англискиот јазик, што се спроведува 2 пати неделно, во времетраење од 90 мин (2 училишни часа од 45 минути).

Исто така програмата вклучува и учество во други активности, како што се:

- Посети на институции (на пр. Американска Амбасада, Американски Универзитет, Американски јазичен центар и сл.);
- Посети на други градови во кои се спроведува програмата и комуникација со тамошните учесници;
- Средби - работилници со експерти од САД, како што се: универзитетски професори, претставници од американската амбасада, претставници од приватниот сектор како кариерни советници и многу други;
- Вон-наставни активности (на пр. излет во природа, организација на драма или шоу за таленти и сл.);
- Општествено-корисни активности во заедницата и надвор од неа, (на пр. еко кампањи, организација на хуманитарни настани, помагање на постари лица, одбележување на некои празници -посебно оние поврзани со културата на САД и сл.);
- Летен камп за подобро запознавање на сите учесници во програмата од цела Македонија, како и разменувања на идеи и размислувања во врска со културата на САД;
- Пристап до програми и информации за студирање во САД

Во сите овие активности се употребува англискиот јазик се со цел за негово подобро изучување и користење надвор од училницата. Главен акцент во сите тие активности се става на:

- Културата и вредностите на САД (принципи на демократија, еднаквост, слобода на говорот, разновидност, почит за културни разлики...)
- Вештини на 21от век (критичко размислување, креативност, комуникација и соработка)
- Употреба на англискиот јазик (дискусии, пишување, зборување...)

Во изведбата на сите активности, како и на часовите, учениците ги почитуваат правилата и прописите на "Access" програмата, како и на СОУ "Коста Сусинов", Радовиш. Организаторите на програмата редовно се известувани за реализацијата на сите активности од страна на професорите одговорни за програмата, а тоа се професорките по англиски јазик Катерина Сусинова и Наташа Спасевска.

Сите ученици имаат потпишано договор за соработка и учество во програмата, а нивните родители имаат потпишано согласност за учество на нивното дете во програмата, како и согласност за фотографирање на нивното дете за целите на програмата, при одржување на часовите и активностите поврзани со програмата.

- **<u>Реализација на активности, период: септември, 2025 - декември, 2025</u>**

За време на часовите учениците работеа на најразновидни теми, како на пример создавање на Аксес устав, одбележување на денот на мирот, денот на Колумбо, светскиот ден на храната, денот на филозофијата, денот на човековите права, преку поезија ги истакнаа боите и убавините на есента, беа во улога на наставници и во групи реализираа сопствен час на одредена тема, а сето тоа преку работилници, игри, интерактивни активности, изработка на постери, презентации, работа во парови, групи итн.

Уште во првиот месец, **септември,** учениците учествуваа на Летниот камп во Струга, организиран од МЦГО, а поддржан од Американската амбасада, каде се дружеа со Аксес групите од другите градови во кои се реализира оваа програма, се запознаа со Г-н Чарлс Сантијаго Моралес, Службеник за јавна дипломатија од амбасадата, кој ги вклучи учениците во презентација и дискусија за одбележување на Денот на уставот на САД, а претставниците на Американското катче - American Corner од Струга им организираа интерактивни работилници, како и игри од виртуелниот свет.

На крајот од месец септември го пречекаа Г-н Томас Ф. Ханиско, научник-истражувач од Одделот за атмосферска хемија и динамика во НАСА, кој пред учениците одржа предавање на

тема “Влијанието на штетните гасови NO2, O3, HCHO и мерења на нивната присутност во воздухот”.

Во месец **октомври**, Аксес учениците организираа настан за донирање храна, во кој сите ученици и вработени можеа да донираат храна, и со тоа да помогнат некому. Оваа акција имаше за цел да се подигне свеста кај луѓето за оние кои страдаат од глад, како и за непотребното трошење и фрлање храна. Акцијата беше поддржана од организацијата “Црвен Крст” од Радовиш, кои собраните производи ги доставија до семејства кои имаат потреба од храна.

Во овој месец учениците си организираа и мини Аксес олимписки игри, кои го разбудија натпреварувачкиот дух во нив, но играа во тимови што значи ги развиваа и своите вештини на соработка, дружељубивост и фер игра.

Во **ноември** учениците учествуваа во Трибина на болести од зависности на која гости беа претставници од Црвен крст со врснички едукатор, доктор, претставник од полицијата и училишниот психолог. После тоа, беа посетени од страна на Суад Сефери, ИТ експерт и обучувач на тема “Вештачка Интелигенција и Безбедност во интернетот”, кој исто така е и автор на првата книга за ВИ на Балканот „AI Journey“. Го одбележаа ‘Thanksgiving Day’ – Денот на благодарноста, искажувајќи голема благодарност до нивните фамилии, блиски, пријатели, наставници организатори и поддржувачи на оваа програма, во пријатна атмосфера на убава храна, со традиционалниот оброк за овој празник – печена мисирка. И на крај, месецот го завршија со посета на Аксес групата од Струмица, каде се дружеа преку Игра на истражување и создавање интересни фотографии.

Во **декември** учениците имаа прекрасна можност да се запознаат со креаторот на едукативно-друштвената игра “Караван Виа Егнација”, Иван Мицковски, игра која ја има освоено Европската награда за иновативно учење 2025. Тие се забавуваа играјќи ја играта, преку која можеа да го истражуваат богатото културно наследство на древната Виа Егнација, доживувајќи ги предизвиците и возбудата на патувањата во 19ти век, а во исто време работеа тимски, соработуваа, размислуваа критички, донесуваа одлуки и решаваа проблеми

Најважно од месец декември е да се истакне дека учениците имаа работилници за создавање новогодишни и божиќни украси, кои потоа ги продаваа на Божиќен пазар, хуманитарен настан за собирање финансиски средства за помош на лице на кое му се потребни.

- **<u>Реализација на активности, период: јануари, 2026 - јуни, 2026</u>**

Во месец **јануари** акцентот беше ставен на кариерно советување и насочување на учениците, и во однос на ова може да ја издвоиме работилницата со училишниот кариерен советник проф. Нина Железарска на која учениците беа запознаени со концептот на кариерно истражување и планирање, како и со разновидни кариерни патеки, ги идентификуваа своите интереси, вештини и јаки страни, и работеа активности преку онлајн платформа. На тој начин тие си направија една рефлексија за нивна подготовка за иднината преиспитувајќи го својот внатрешен компас и вредностите кои тие ги негуваат.

Во **февруари** учениците беа вклучени во работилници со учениците од деветтите одделенија од нашата општина, како дел од промоција на нашето училиште, и учениците беа организатори, водители и учесници во тие работилници на тема "Другарство и социјален живот на младите". На овој начин тие се прикажаа како одговорни млади луѓе кои се грижат за своето училиште и заедницата во која живеат. Исто така вреди да спомене дека овој месец учениците беа вклучени и во онлајн час со ученици од САД, и на тој начин ги подобрија своите комуникативни вештини, разговарајќи и употребувајќи го англискиот јазик со говорители на кои им е мајчин јазик. Часот беше организиран од проф. Наташа Спасевска, која во тој период беше на професионално доусовршување во САД. И трета интересна работилница која учениците ја имаа во месец февруари беше креативната работилница за декорирање колачиња, на која гостин ни беше младата претприемачка од нашиот град Ивана Ристова, која води свој бизнис за правење и декорирање на колачиња.

Во **март** имавме посета од претставници од Американската амбасада, кои беа гости на нашиот час на тема Претприемништво. Учениците го дадоа своето мислење за тоа што е претприемништво и зборуваа за претприемачи од нашиот град и од целиот свет; гледаа видео и дискутираа за 8-те тајни за успех; беа предизвикани со „Wacky Invention Pitch" во кој беа во улога на млади претприемачи и работеа во групи, составија пронајдок од два сосема неповрзани предмети, го презентираа пред класот и гласаа за најодржливата идеја. Часот беше заокружен со излезен билет од секој ученик на кој тие напишаа зошто комуникацијата на англиски јазик е од витално значење во светот на претприемништвото. И гостите и учениците беа задоволни од часот и неговите резултати. Истиот месец нашите ученици од Access беа домаќини на Англиските Олимписки Игри што ги организиравме за учениците вклучени во проектот "RYCO Super Schools – S4D - Sport for All". Игрите се одржаа во училишната аула, а просторот беше организиран според природата на игрите, на четири различни страни, бидејќи имаше четири различни игри: стреличарство со топка, штафетна трка со азбука, игра на меморија и кошарка со чаши. Сите ученици уживаа во игрите, се забавуваа, запознаа нови пријатели и стекнаа незаборавни искуства. Нашите ученици од Access уште еднаш се докажаа како одлични организатори и лидери, на што ние наставниците сме многу горди.

Во текот на месец **април** учениците од Access Радовиш имаа интерактивна т.н глобална училница со учениците од Американското средно училиште од Тбилиси, Грузија, како резултат на престојот во САД преку Фулбрајт програмата на двете професорки Наташа и Зика. Главната цел на онлајн средбата беше запознавање на различните култури на двете земји преку англискиот јазик, како и Социо—емоционалното здравје на младите луѓе. Преку Ментиметер презентација, квиз, видеа итн учениците остварија инспиративна интернационална интеракција и комуникација. Понатаму во истиот месец, преку информативна интерактивна работилница т.н Од семе до израснато растение – организирана и спроведена од страна на Access - alumni ученикот Ѓорги Чифлиганец, учениците научија многу нови информации за екосистемите, и за интеракцијата помеѓу живите организми и животната средина, и за важноста на човечкото влијание во таа интеракција. Исто така беа одржани подготвителни и креативни работилници во чест на Светскиот Ден на планетата Земја 21 април под овогодишното мото "Our Power – Our Planet", каде што учениците изработија креативни уметнички постери, а учествуваа и во еко акции за засадување цвеќиња и чистење смет. Сите тие активности во училиштето беа спроведени од страна на Access тимот со цел да се подигне свеста кај луѓето за чиста и безбедна животна средина – учениците покажаа дека ѓубрето е штетно, планетата ни е во ризична ситуација, а ние преку мали нешта можеме да донесеме големи промени.

Во месец **мај** учениците беа вклучени во Училишниот отворен ден, за промоција на училиштето пред учениците од деветтите одделенија, и го користеа англискиот јазик во реална комуникација со самодоверба, презентирајќи им ги на посетителите активностите и најважните моменти од проектот Access. Учениците ги изложија своите претходно креирани постери, есеи, фотографии и колажи, мини видеа, проекти од часови, дигитални и хартиени презентации за американската култура. Ги вклучија гостите во квиз на знаење на Kahoot, вртење на тркалото и игра на правопис. На учениците-посетители им беа доделени и мали награди како чоколатца, пенкала, тетратки и сл. Беа направени и групни фотографии во фоторамка на Access за овој ден да се овековечи како незаборавен. Уште еден значаен момент од овој месец беше посетата на главниот град-Скопје, како тим-билдинг ативности, каде беа присутни сите Access групи, од сите четири градови во кои се реализира програмата. Учениците се дружеа преку разновидни активности, како што се куглање, друштвени игри, слободен разговор итн. Со ова учениците се забавуваа и ги продлабочија своите кооперативни, комуникативни и друштвени вештини.

Во месец **јуни** најинтересна активност на учениците им беше "Лов на богатство" низ нашиот град. Според однапред подготвени насоки од страна на наставниците учениците истражуваа и наоѓаа места/продавници во нашиот град следејќи ги своите групни упатства и на сите тие места добиваа симболични награди, како што се: во кафулето - шолја кафе; во продавницата за овошје - кеса со овошје; во книжарницата - привезок; во фото студиото - фотографија од групата. Конечната награда за победничката група: чаши со слика што го претставува нашиот град.

Учениците навистина уживаа во овој час бидејќи имаа многу движење надвор и тоа беше невообичаен час за нив.

Како **завршна активност** од Access програмата за ова полугодие, на 11ти Јуни учениците беа на кино во "Киноверзум", Штип, и го гледаа американскиот филм "Ѓаволот носи Прада 2", каде се забавуваа, јадеа пуканки, уживаа во филмот и во времето поминато заедно.

И учениците, и професорките, се многу задоволни од реализираните часови и активности, и се надеваат дека ваквата успешна соработка и реализација ќе продолжи и понатаму, до завршувањето на програмата.

Јуни, 2026

Извештајот го подготвија:

Проф. Катерина Сусинова

Проф. Наташа Спасевска

Годишен извештај од програмата за кариерно советување за наставната 2025/2026 година при СОУ "Коста Сусинов" Радовиш

Во рамките на училиштето СОУ "Коста Сусинов" Радовиш од учебната година 2025/2026 година, постои можност за кариерно советување, информирање и кариерно насочување во училиштето. Целта е да им се помогне и да ги насочи учениците во нивните понатамошни кариерни избори преку утврдување на нивните сопствени интереси, вештини, лични карактеристики и способности и донесување на информирани одлуки. Кариерното советување се реализира од страна на кариерниот советник Нина Железарска и тимот за кариерно советување составен од пет члена: наставниците (кариерни советници Наташа Спасевска, Венка Тадирова и Нина Железраска, координаторот за стручно образование Ѓоше Коцев и училишниот психолог Виолетка Србакова) со одлука на Наставнички совет.

По пат на анкетни прашалници, тестови за самопроценка, работилници и други техники и инструменти, учениците имаат можност да стекнат повеќе знаења за самите себе, својата визија каде се гледаат во иднина, како и за кариерните и образовни можности кои се нудат во нивното опкружување.

Главната цел на кариерното советување, информирање и кариерно образование е даовозможи да сеоспособатученицитеод средното образование и во секоја животна ситуација да прават пресек на своите вештини, компетенции и интереси, да донесуваат информирани одлуки во поглед на нивното образование, обука и занимање; да се оспособат учениците сами да управуваат со својот животен пат и кариера во текот на образованието, работата и други ситуации во кои ќе ги стекнуваат или применуваат своите вештини и компетенции.

Активности кои беа спроведени во текот на учебната 2025/26 година од страна на кариерниот советник и тимот за кариерно советување и информирањесе следните:

- Изготвување на Годишна програма за кариерно советување, информирање и кариерно насочување со цел идентификување на клучните активности, задачи и начинот на работа на кариерниот советник и тимот за кариерно советување, од страна на членови на тимот за кариерно советување: кариерни советници - Венка Тадирова, Наташа Спасевска, координатор за стручно образование Ѓоше Коцев, психологот Виолета Србакова и кариерен советник Нина Железарска;
- Објавување на информативен оглас за работата на кариерниот советник со цел изработка на промотивен материјал – известување за можноста за кариерно советување во училиштето на училишната веб страна;
- Консултативни средби со наставници кои предаваат Содржини програмирани од училиште во паралелките во трета и четврта година од стручното образование по програмите Подготовка за вработување и работа и Учење на работно место. Главните активности подразбираа запознавање на наставникот со програмата, како и споделување насоки за реализација, материјали за работа на модулите, досије и Изјава на ученикот за следење на наставата,
- Соработка со ученичката заедница на СОУ Коста Сусинов, Радовиш, или поконкретно одржување на Конститутивна седница на училишната заедница "Средношколска унија" на СОУ Коста Сусинов – Радовиш. Кариерниот советник како еденод двајцата наставници ментори задолжени за менторирање на средношколската заедница, даваат насоки во организирање на седниците, иницираат задолженија, идеи и задачи, ги насочуваат учениците во реализирање на активности и ги запознаваат новите членови на заедницата за новите законски измени во Законот за средно образование;
- Членување во формираниот училишен инклузивен тим УИТ со цел разгледување на состојбата и потребите на ученици со ИОП, анализа и дискусија за прилагодување на наставната програма и активности во согласност со можностите на ученичката, начините за следење на напредокот кај ученичката и потребата од континуирана комуникација помеѓу сите чинители на тимот во кој влегуваат класен раководител Марија Вантов, педагог Емилја К. Ристов, предметни наставници од паралелката на ученикот со ПОП и кариерниот советник и директорот Миле Арсов;
- Формирање на Тим за кариерно советување - На наставнички совет на 30.09.2025 год. како точка на Дневен ред беше ставено формирањето на Тимот за кариерно советување. Беа предложени пет члена како дел од тимот кои едногласно беа прифатени од целиот наставнички совет;
- Одржување на работен состанок со Тимот за кариерно советување со цел утврдување на работната динамика и насоки за постапување;
- Учество и организација во спроведување на постапка за избор на претседател и ново раководство на СУ (средношколска унија). Главни задачи на кариерниот советник беа асистирање во задачите и активностите за отпочнување на постапката за избор на ново претседателство на СУ; асистирање во изготвување на гласачки ливчиња и заверување на педагошката документација со архивски броеви; Овие активности беа спроведени од

страна на членови на СУ, наставник Катерина Д. Јованова, Нина Железарска – кар.советник;

- Учество во одржување на втора седница на Средношколска унија. Главни задачи на кариерниот советник беа поддршка и асистирање во организацијата на седницата на средношколската заедница, давање насоки за водење на педагошката документација;
- Учество на обука за "Зајакнување на вештините на стручните соработници и кариерни советници за професионална и кариерна ориентација на учениците" на 10,10,2025, во Струмица, СОУ "Никола Карев", организирана од страна на Друштво за маркетинг и адвертајзинг Глобал нет ДООЕЛ, Скопје;
- Учество на состанок на УИТ (училишен инклузивен тим) со претставници од ИСКРА, родителот на ученичка со ИОП и образовен асистент. Согласно законските одредби кариерниот советник на училиштето е задолжителен член на Училишниот инклузивен тим за учениците со ИОП. Тимот го сочинуваат училишен педагог, класен раководител, родител/старател, предметни наставници и кариерен советник,
- Соработка со училишната заедница - Спроведување на постапка за избор на училишен правобранител во СОУ Коста Сусинов – Радовиш со главни задачи:мониторирање и насочување на активностите на тимот за избор на училишен народен правобранител од Средношколската унија;
- Одржување и подготвување на информативни работилници за претставување на улогата на кариерното советување и кариерниот советник со конкретни задачи: Запознавање на учениците со процесот на кариерно советување во СОУ К. Сусинов, Радовиш; промовирање на кариерното советување во училиштето, неговите задачи преку презентирање и запознавање со поимите кариера, кариерно советување на учениците од прва година;
- Подготвување, организирање и одржување на работилница за спознавање на лични карактеристики/способности со учениците од прва година;
- Подготвување, организирање и одржување на работилница "Прашалник за самопроценка на способности" (четири работилници) со ученици од прва година со конкретни активности: Пополнување на прашалник за самопроценка на способности, со цел насочување кон одредени професии и анализа на резултатите од самопроценката, како и дискусија за добиените резултати согласно инструментот за самопроценка од понудените професии;
- Подготвување, организирање и одржување на работилница "Работен лист – Рецепт – Јас сум..." со ученици од прва година на турски наставен јазик од гимназиското образование;
- Учество и иницирање на работен состанок со претседателот и заменик претседател на Средношколска унија за организирање на натпревар со главни активности: давање насоки и материјали и одредување на термин за одржување на Средношколски хакатон – натпревар во покровителство на приватен сектор рудникот Бучим и Боров Дол) во присуство на раководен тим на Средношколската унија: Анастасија Ржева, Ѓорги Чифлиганец, директор Миле Арсов и наставник Катерина Диманова;

- Објавување и дистрибуирање на Соопштение со информации за повик до сите ученици од прва до трета година за вмрежување во Сојузот на средношколци – со конкретни активности: Споделување на и дифузирање на информацијата “Повик од Сојузот на средношколци на РСМ” до ситесредношколциодпрва, втора и третагодинадааплицираат за да станат членови на Сојузот;
- Изготвување на план за личен и професионален развој на кариерниот советник со следните активности:анализирање на сопствените работни активности и идентификување на сопствените слабости и области за подобрување преку техники на саморефлексија, чек листи и образци за самоевалуација;
- Информативни работилници за претставување на улогата на кариерното советување и кариерниот советник со учениците од **втора година** со цел запознавање на учениците со процесот на кариерно советување во СОУ К. Сусинов, Радовиш; промовирање на кариерното советување во училиштето, неговите задачи преку презентирање (работилница 1); Запознавање со поимите кариера, кариерно советување;
- Одржување на работилница со ученици од втора година за “5 професиии кои би сакал да ги изберам” преку следните активности: дискусија за важноста од одредување на кариерен пат; визија за иднината, формирање на визија за идеални професии, како и пополнување на Работни листови;
- Учество на Воведна обука за кариерно советување од МОН со цел Запознавање и продлабочување на знаења за реализирање на кариерното советување во училиштето; обивање на насоки за водење на работилници; водење на документацијата поврзана со кариерно советување;
- Изработка на база на податоци на учениците од четврта година во учебната 2025/26 година (Собирање на податоци за учениците од четврта година (вид на образование, паралелка, подрачје/профил, класен раководител); Изготвување на електронска база на ученици во ексел документ со гореспоменатите податоци;
- Запознавање на Наставнички совет на Седница на наставнички совет за предвидените активности во рамките на кариерното советување; споделување фидбек од учествона кариерниот советник на Воведната обука за кариерни советници на 17.11.2025, споделување информации околу спроведување на анкетен прашалник со учениците од четврта година; запознавање на наставниците во училиштето за потребата од континуирана соработка со кариерниот советник и интегрирање на теми за кариерниот развој на учениците во нивните наставни содржини;
- Спроведување на анкета со учениците од четврта година - Анкетен прашалникза утврдување на интересите, потребите и плановите на учениците во однос на нивната кариера;
- Организирање, и одржување на Средношколски натпревар Хакатон со помош на Средношколската унија (Подготовка на материјали за организирање на натпреварот во иновативни идеи; Состанок со членови од СУ за организирање на натпреварот; Изготвување покани и барања до Локална самоуправа, приватен бизнис и АВРМ за

доделување на членови во Комисија за разгледување на апликации; кореспондирање со претставници од рудник за бакар и злато Бучим и Боров Дол како покровители на натпреварот;

- Одржување на групна работилница "Утврдување на интереси и спроведување на тест RIASEK" со ученици од прва година;
- Обработка на податоци од Анкетен прашалник за утврдување на потребите на учениците со цел анализа на податоците од прашалникот во однос на утврдување на потребите, интересите на учениците од четврта година;
- Вмрежување со високообразовна институција преку организирање на работна посета на претставници од универзитетот Гоце Делчев од Штип со цел претставување на работата на УГД Штип пред учениците од четврта година гимназиско образование, запознавање со можности и услови за студирање и стипендирања и одржување на работилница на тема "Од идеја до производ" со учениците од четврта година, електротехничка струка.
- Одржување и подготвување на информативни работилници за претставување на улогата на кариерното советување и кариерниот советник со конкретни задачи: Запознавање на учениците со процесот на кариерно советување во СОУ К. Сусинов, Радовиш; промовирање на кариерното советување во училиштето, неговите задачи преку презентирање Запознавање со поимите кариера, кариерно советување со учениците од четврта година;
- Подготвување, организирање и одржување на работилница за спознавање на лични карактеристики/способности со учениците од четврта година;
- Подготвување, организирање и одржување на работилница за спознавање на вредности и пополнување на работен лист за самоевалуација на RIASEC тест со учениците од четврта година;
- Консултативни состаноци со координаторот за стручно образование, педагошката служба на училиштетто, како и тимот за кариерно советување;
- Организирање на работилници за изработка на ЦВ и мотивациско писмо за учениците од четврта година;
- Гостинско предавање/ работилница од професионалци за нивните кариерни патишта(од страна на Сабина Иванов) Работилница на тема "Електронски маркетинг"со цел да им се овозможи на учениците директен контакт со професионалци од различниобласти преку споделување на нивните искуства и предизвици и успеси со цел инспирација и поголема информираност за кариерните можности;
- Организирање на работилници "Стилови на учење" и "Како учите најдобро" со ученици од четврта година;
- Мапирање и склучување на меморандум за соработка со приватен сектор (воспоставување партнертство со приватни компании за обезбедување поддршка, менторство, стажирање и други можности за учениците со цел подобрување на кариерното советување и подготовка за пазарот на труд);

- Одржување на работилница на тема “Кариерно патување” и “Кариерен компас” за утврдување на вредностите кај секој поедниец неопходни при избор на кариерниот пат и пополнување на прашалник “Тест за предиспозиции за кариера”;
- Посета на Саем на образование и кариера во Скопје со цел овозможување на учениците директен увид во различни образовни и професионални патишта преку средба со претставници од училиште, универзитети и компании, со цел информирано донесување на одлуки за иднината;
- Посета на книговодствено биро “6ти Ноември”, Радовиш, со ученици од економската струка- дигитален маркетинг, за запознавање на задачи, искуства во одредена кариерна област како и воспоставување на контакти со професионалци од одредена дејност;
- Посета на регионална телевизиска куќа ТВ Кобра, Радовиш, со ученици од економската струка- дигитален маркетинг, за запознавање на задачи, искуства во конкретната кариерна област како и воспоставување на контакти со професионалци од одредена дејност
- Организирање на Гостинско предавање на тема “Стипендии и можности за млади” заради запознавање на учениците од трета година со можностите кои им се нудат во образованието, како стипендии, грантови, волонтирања и размена на ученици. Стекнување информации и знаења за онлајн можности за аплицирање, како и начините и условите за аплицирање;
- Посета од група на ученции од четврта година и учество на настан “Сметководствена супер лига” на Економскиот факултет при УГД Штип, со цел зајакнување на соработката и комуникацијата меѓу средните училишта и факултетите како и доближување на високото образование до учениците од завршните години и зголемување на интересот за конкретниот факултет;
- Гостинскопредавање (посета) од приватна компанија Македонски телеком АД во СОУ Коста Сусинов, електротехничкаструка со цел директно запознавање на учениците со можностите за кариерен развој во секторот. телекомуникации со цел создавање силна и стабилна база на млади професионалци кои ќе бидат идниот столб на телекомуникациската индустрија во Македонија;
- Учество на Националнатаконференцијаворамкинапроектот „Get Ready 4 Job Through Career Guidance“;
- Посета на Отворен ден на кариера при УГД Штип од страна на учениците од завршните години за да им се овозможи на учениците директен увид во различни образовни и професионални патишта преку средба и посета на универзитети, факултети и компании со цел информирано донесување на одлуки за иднината, да се запознаат со можностите за понатамошно образование и кариера;
- Одржување на работилници Презентирање на изборните подрачја и изборни предмети во трета година за учениците од втора година;

- Претставување на СОУ “Коста Сусинов”, Радовиш пред учениците од деветтите одделенија од ООУ “Гоце Делчев”. Презентирање на наставните планови за гимназиско и стручно образование;
- Учество на обука ”Напредни техники и алатки за кариерно советување и индивидуално насочување и поддршка на учениците” одржана во Струга и организирана од Глобал нет Ад;
- Учество на онлајн обука “Инклузивно кариерно насочување и интервју за работа кај млади со специфични тешкотии во учењето” организиран од страна на Здружение за дислексија Ајнштајн;
- Водење документација за следење на кариерниот пат на учениците од завршните години од средно стручно образование; пополнување и класифицирање на анкетен прашалник, анализа на анкети, табели од анализа на прашалници;
- Одржување состанок на кариерниот тим со цел разгледување на сработените активности во текот на второт полугодие, известување за барањето од ЦСОО за следење на кариерниот пат на учениците од четврта година и споделување информации од учество на тридневна обука за кариерни советници, предлози за подобрување на квалитетот и активностите за кариерно советување.

изработил :

Нина Железарска

август 2026

СОУ,,КОСТА СУСИНОВ ’’ - РАДОВИШ

Годишен извештај

од работата на Средношколската унија при СОУ ,,Коста Сусинов“- Радовиш

во учебната 2025/26 година

Средношколската унија претставува тело кое им овозможува на учениците активно да учествуваат во донесувањето одлуки, да ги претставуваат своите идеи и размислувања, како и да придонесуваат кон унапредување на образовната средина во училиштето. Преку своите активности, Унијата ги мотивира учениците да станат активни учесници во заедницата, овозможувајќи им можност за личен развој и подобрување на училиштето.

Средношколската унија при СОУ „Коста Сусинов“ – Радовиш ја започна својата работа од самиот почеток на учебната година со составување на тимови од учениците претставници на паралелките од прва до четврта година. Тие се запознаа со планот и програмата за работа и започнаа со редовни состаноци. Во текот на целата година, редовно беа одржувани состаноци, за кои записниците беа уредно заведувани од записничарот Игор Димчевски од IV-6 клас и споделувани во фејсбук групата на Унијата.

Реализирани активности во текот на учебната 2025/2026 година:

➢ **Избор на нови членови и ново раководство**

На почетокот на учебната година беа избрани претставници од сите паралелки во училиштето, кои активно се вклучија во работата на Унијата. Беа спроведени и избори за ново раководство, по пат на тајно гласање. За претседател на Средношколската унија беше избрана Анастасија Ржева, а заменик претседател Ѓорѓи Чифлиганец.

➢ **Формирање тимови**

Формирани беа тимови за:

• Организирање на хуманитарни акции, настани и забави;

• Следење на воспитно-образовната работа;

• Спроведување на ученичките иницијативи.

➢ **Организирани настани:**

1. Movie night

- Вечер на филмови која овозможи релаксација и дружење меѓу учениците.

2. Хакатон

- Во соработка со рудникот „Бучим“ и „Боров дол“, дел од учениците имаа можност да работат на иновативни идеи во тимови, поттикнувајќи креативност и тимска соработка.

3. Спроведена анкета за екскурзија

- Беше спроведена анкета со цел учениците да се вклучат во планирањето на екскурзијата.

4. Ораторска вечер

- Средношколската унија организираше ораторска вечер со цел да се слушне гласот на младиот човек, а воедно и учениците да имаат настан на кој ќе можат да ги искажат своите мислења и ставови.

5. Маскенбал

- Организирана беше креативна забава со натпревар за најдобра маска. Настанот помина во одлична атмосфера и позитивни реакции од учениците.

6. Лотарија

- Лотаријата привлече голем интерес кај учениците, со значителна поддршка за

средствата наменети за активности на Унијата.

7. Организирање на хуманитарни активности во соработка со „Црвен крст“ од Радовиш

- Беше направена активност каде учениците донираа парични средства за девојче од нашиот град на која и беа потребни за лекување.

8. Учество на проектот „Social Day” од програмата Младите можат

- Организирање на „Social Day” – посета на рудникот „Бучим“ - Радовиш.

9. Учество на „Најгласни“

- Во рамки на НајГЛАСни! – годишната награда за ученичко учество, нашето училиште беше дел од шестте средни училишта од целата држава кои беа избрани за една од шестте најгласни ученички заедници. Фондацијата Конрад Аденауер, LEAD и Министерството за образование и наука ја доделуваат оваа награда како признание за активноста и трудот на најгласната ученичка заедница со цел зајакнување на ученичкиот глас.

10. Организирање на сликање на матуранти за табло и матурска вечер.

➢ **Разгледување и ажурирање на документи:**

• Годишната програма за работа на унијата;

• Кодекс на однесување на учениците во училиштето и училишниот двор.

- Одговорни лица:
- Претседател на унијата: Анастасија Ржева (III-2 клас);
- Потпретседател на унијата: Ѓорѓи Чифлиганец (III-1 клас);
- Записничар: Игор Димчевски (IV-6 клас);

- Ментори: Наставници Нина Железарска и Катерина Диманова-Јованова.

- **Заклучок**

Во текот на учебната 2025/2026 година, Средношколската унија успешно реализираше значаен број активности кои придонесоа за поттикнување на креативноста, тимската работа и ученичкото учество. Со оваа динамика, Унијата продолжува да работи на остварување на поставените цели, со цел да се подобри училишната атмосфера, да се поттикне меѓусебната поддршка и да се создадат услови за активно вклучување на учениците во носењето одлуки од значење за нив. Со својата посветеност и иницијативност, Средношколската унија ја покажа својата важност како раководен орган за учениците, преку која тие можат да ги изразат своите идеи и да придонесат кон подобрување на училишниот живот.

Годишен извештај

за работа на координаторот за практично образование

за наставната 2025/2026

1. Вовед

Со овој извештај координаторот за практична настава дава извештај за реализираните активности во наставната 2025/2026 година согласно поднесената Годишна програма за работа на координаторот која е составен дел на Годишната програма за работа на училиштето.

2. Реализација на активностите

Во текот на извештајниот период беа реализирани следните активности:

- изработка на годишен план за практично образование за учебната 2025/2026 година
- координација со наставниците кои го реализираат наставниот предмет учење преку работа
- следење на напредокот на учениците
- воспоставување и соработка со бизнис заедницата и институциите
- склучување на меморандуми за соработка за учебната 2026/2027
- организирање на феријална пракса
- прегледување и потпишување на дневниците за учење преку работа и феријална пракса

2.1 Изработка на годишен план за реализација на практична образование

Годишната програма е уредно и навремено изготвена. Истата е испратена на увид кај директорот на училиштето,кој дава одобрение за нејзино инкорпорирање во Годишната програма за работа на училиштето .

2.2 Координација со наставниците кои го реализираат наставниот предмет учење преку работа

Координацијата со настаставниците кои го реализираат предметот учење преку работа се изведува на следниов начин:

- организирање и одржување на редовни состаноци
- формирање на комуникациски канал е-маил
- размена на информации за тековна реализација
- разгледување на предизвици и проблеми
- доставување на месечен план за посета на учениците од страна на наставникот на нивните работни места со забелешки кои ги дал менторот
- Листа за редовност на учениците за наставната 2025-2026 година.
- Извештаи за релизацијата на УПР (квартални,полугодишни и годишни) за наставната 2025-2026 година.
- Организирање на теренски посети кај работодавачи
- Соработка со ментори од компаниите/институциите

2.3 Следење на напредокот на учениците

Континуирано беше следен напредокот на учениците вклучени во реализација на учење преку работа преку:

- Евидентирање на постигањата и компентенциите стекнати на работното место
- Прегледување на дневникот за УПР
- Квартално полугодишно и годишно оценување од страна на менторот и наставникот

2.4 Соработка со бизнис заедницата/инстуциит

Во текот на наставната година беше реализирана континуирана соработка со компаниите/институциите. Во таа насока беше организирана **социјална средба** со претставници од бизнис заедницата и институциите. Целта на средбата беше спроведување социјален дијалог помеѓу образовната институција, локалната самоуправа , приватните компании, и државните институции за:

- усогласување на образовната понуда со реалните потреби на пазарот на трудот,
- идентификување на дефицитарни кадри,
- планирање на профили и паралелки за упис во учебната 2026/2027 година,
- обезбедување услови за реализација на дуално образование (учење преку работа),
- размена на мислења и искуства
- разгледување на можности за унапредување на соработката

2.5 Склучување на меморандуми за соработка

Како резултат на организираната социјална средба беа склучени меморандуми за соработка со следниве компании/институции:

- ДОО Бучим Радовиш
- ДОО Металпромет-Цветан
- Трго инжинериг –Радовиш
- ДООЕЛ 30 Март-Радовиш
- Интерпласт-Радовиш
- Супер хит-Радовиш
- ТВ Кобра
- СОНИ компани ДООЕЛ-Радовиш
- Нико Ман ком
- Автоелектро сервис Кире
- СЕМИ-Радовиш
- Милк комерц
- Бест консалдинг-Радовиш
- Версанд ДООЕЛ Радовиш
- 6 ти Ноември БСУ ДООЕЛ Радовиш
- Линк ДООЕЛ -Радовиш

Компаниите/институциите со кои училиштето има воспоставено соработка потврдија дека истата ќе продолжи наредниот период.

2.6 Организација на феријална пракса

Во рамките на активностите за практично образование беше извршена подготовка и организација за упатување на учениците на феријална пракса во текот на летниот период. Во таа насока:

- Беа определени компании/институции за реализација на праксата;
- Беа склучени договори со работодавачите
- Беа дадени насоки на учениците за начинот на реализација на феријалната пракса

2.7 Заклучок

Врз основа на реализираните активности може да се констатира дека практичната настава успешно се спроведуваше во текот на наставната 2025/2026 година. Посебно значење има проширување на соработката со бизнис заедницата и институциите што представува солидна основа за понатамочен развој.

Изработил : Ѓоше Коцев

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ОД РАБОТАТА

НА

ДИРЕКТОРОТ

ЗА УЧЕБНАТА 2025/2026 ГОДИНА

Директорот како раководен орган, одговорен за законитоста во работењето во училиштето, функцијата ја извршува во интеракција со учениците, стручниот наставен кадар, административниот и технички персонал, родителите. Според определбите на МОН за унапредување на квалитетот на работата на училиштата, постојано се применуваат новите реформи, со цел да се модернизира образовниот систем.

Директорот како носител на педагошкото раководење во училиштето, своите задачи ги остварува преку:

проучување, анализирање, следење и унапредување на воспитно-образовниот процес;

насочување на наставниците кон перманентно усовршување и подобрување на квалитетот на наставата;

надзор и оценување на квалитетот на работата.

Содржините на педагошкото раководење се црпи од повеќе подрачја и тоа:

концепциско – програмско;

организација и следење на наставата;

аналитичко – студиско преку следење на организацијата и реализацијата на воспитно-образовната и педагошката работа, обезбедување на транспарентност и информираност за работата на училиштето

соработка во училиштето и надвор од него;

работа со ученички организации;

аналитичко истражувачко.

Административно организаторска работа на директорот:

распределба на задачите на поедини носители е направена во месец август и почеток на септември;

распределбата на наставните предмети и задолженија во рамките на слободните училишни активности, структурните подрачја, наставните подрачја, работните тимови и комисии во текот на целата година;

грижа за спроведување на куќниот ред во училиштето и кодексот на учениците и наставниците во училиштето во текот на целата година;

свикани седници на Наставнички совет и раководење со нив;

увид во материјалното работење на училиштето.

Педагошко-инструктивното подрачје содржи работни задачи кои можат да се распределат во следниве делови:

концепциско-програмски;

организирање и следње на наставата со примена на ИКТ;

следење на организацијата и релизацијата на воспитно-образовната и педагошка работа со инструменти за следење на наставата;

следење на реализацијата од спроведените активности од Проектот за инклузивно образование;

работа со наставници почетници и одредување на нивни ментори;

работа со стручните органи и тела;

аналитичко- студиска работа;

соработка со ученици преку разговори со претставници од класови и учество на состаноците и работата на нивните организации;

обезбедување на транспарентност и информираност за работатана училиштето;

поттикнување и подршка на програми за грижа и заштита на ученици
(програма за професионална ориентација, програма за унапредување на здравје, програма за работа со надарени и талентирани ученици, програми за работа со ученици со потешкотии во развојот и др.);

создавање на услови за пријатна и безбедна училишна клима;

промовирање на постигањата на учениците и наставниците;

спроведување на Развојниот план на училиштето;

соработка со родителите, невладинии организации, медими, локална средина, институции и др.

Оперативен план

Видови на активности	Време на реализација
Организирање и спроведување на државна матурата, училишна матура и завршен испит	ноември –август
Обезбедување на наставен кадар за организирање на наставта во новата учебна година	август
Распределба на наставни предмети, класни раководства и задолженија по вработени	јули- август
Организирање и спроведување на уписот на ученици во I година и ученици во II, III и Ivгодина	јуни- август со комисија за упис и комисија за рангирање
Организирање и контролирање на изработката на распоред на часови	јули-август
Работа со стручните активи за педагошката евиденција	преку целата година ангажирана училишна комисија за прегледување на педагошката евиденција и оценување во инструментите за таа намена на

	почетокот на годината, на полугодие и на крајот од годината
Организирање и спроведување на наставнички совети, класни совети	преку целата година одржани наставнички совети и класни совети
Формирање на тимови за изработка на Извештајот од годишната работа на училиштето и Предлог годишна програма за работа на училиштето	мај
Организирање на родителски средби и отворен ден на училиштето	преку целата година организирани пет редовни родителски средби
Работа со ЕКО одборот	преку целата година
Активности за зголемување на енергетската ефикасност	септември-октомври
Активности околу намалување на потрошувачката на вода	септември-октомври
Насоки за формирање на ученичките заедници и другите школски	септември-октомври

организации	
Следење и реализација на наставните програми	преку целата година
Увид во изготвените планирања на наставниците	преку целата година оценување на планирањата на наставниците од страна на педагошката служба и директорот со користење на инструменти за таа намена
Организирање на активности за Патрониот празник	јануари-април Планирање и организирање на прославата по повод патрониот празник
Подготовка и организирање на состаноци со Советот на родители	преку целата година активна работа со Советот на родители со кои беа донесени и усвоени правилници, организиранање трибини, следење на работата на училиштето

Посета на наставни часови	преку целата година според направен месечен распоред
Анализирање на редовноста на учениците и предлагање на мерки за подобрување	во секој месец
Следење на реализацијата на Годишната програма	преку целата година
Изработка на Финансови планови	јануари
Консултативни средби со Средношколска унија и МАССУМ за унапредување на училиштето, градење на нов имиџ на училиштето	преку целата година
Увид и организирање на програмите за грижа за учениците	преку целата година
Активности за организирање на дополнителна и додатна настава	преку целата година
Контролирање на активностите околу спроведување на матурската вечер	април-мај организирање на завршна прослава – матурска вечер

Организирање и реализација на поправни испити	јуни-август
Организација околу спроведување на Годишниот извештај	август
Соработка со УО	преку целата година
Формирање на УМК	септември
Организирање на еднодневен излет	септември и април
Организирање на екскурзии	преку целата година
Организирање на отворен ден за основците и презентација на училиштето за идните ученици	април-мај
Организирање на презентација на училиштето на Училишен научен саем	март
Организирање и спроведување на процесот на Самоевалуација	април- август
Планирање и спроведување на планот за јавни набавки	преку цела година

Покрај горенаведените активности директорот ја следи и координира целокупната работа во училиштето и одговара на секоја друга обврска што ќе произлезе во текот на учебната година.

Директор:

Миле Арсов

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА УЧИЛИШНИОТ ПСИХОЛОГ ЗА УЧЕБНАТА 2025/2026 ГОДИНА

Во текот на учебната 2025/26 година психологот во склоп на работното време се води од сопствената програма за работа и од тековните потреби на работењето на училиштето и други владини и невладини институции и организации,со кои соработува. Продолжува со планирање на работни активности во склоп на проектот МИМО (меѓуетничка интеграција на младите во образованието) на напредно ниво. Работи на следење на планирани активности, од страна на наставниците а поврзани со конкретни активности.

Е на располагање во планирање на активности во Еко-тимот и дава свој придонес во планирање и реализација на активности, во рамките на училиштето и локалната заедница.

Член на училишниот тим за превенција од насилство, во рамките на училшната програма за превенирање на насилни облици на однесување. Во рамките на дел од активности се организирани работилници и разговори. Главен акцент се даде на зајакнување на менталното здравје и облици на самопомош и самоконтрола како и на булингот меѓу врсниците. Работилниците се реализирани според иницираните потреби од страна на учениците или наставниците. Во текот на првото полугодие зеде учество и на две трибини(во склоп на активности од два училишни проекта) на тема Болести на зависност и Интернет безбедност и насилство.

Планот за зајакнување на состојбата со менталното здравје ,кај младите, продолжи со реализирани работилници и во второто полугодие. По потреба се препратуваат соодветни информации и до други општествени организации каде што членуваат наши ученици или кои во своето работење се соочуваат со нив, се со цел за унапредување и зацврстување на нивни позитивни карактеристики и јакнење на нивната капацитети.

Членува во училишниот тим за Кариерно советување , кој има своја програма за работа се со цел во текот на образовниот процес да им се понудат на учениците соодветни сознанија околу нивниот избор на идна професија. Како стручен соработник психологот се има веќе стекнато со соодветни, повеќеетапни обуки и е обучен да делува како кариерен советник.

Работи и соработува со класните раководители и предметните наставници во сите сегменти на потребите на наставата. Врши увид на годишните и тематските подготовки на наставните содржини и активности. За увид и контрола на истите има изготвено интерни обрасци, врз основа на кои се изготвуваат извештаи/ рефлексии од спроведените посети. Разменува стручни информации за континуирано подобрување на наставниот процес и за надминување на тековните проблеми, во рамките на реализирањето на наставата. Наставниците на дневна т.е неделна основа препраќаат дневни подготовки кои се складираат во електронска архива. Се работи и со наставници приправници во поглед на консултативни разговори и информации. Во текот на наствата се направени посети на наставни часови со одвоени термини за рефлексија од посетата, односно се следи организирањето и реализацијата на наставниот процес. Поради повеќенеделно боледување дел од планираните посети не се реализирани.

Во согласност со Законот за средно образовани, Статутот на училиштето како и Правилникот за изрекување на педагошки мерки, Интерниот правилник за работа и Кодексот за ученици, а во соработка со класните раководители или по предлог од предметен наставник се испратени над 70 покана (по пошта) како и по пат на телефонски разговор до

родители/старатели на деца кои покажуваат аномалии во поведението.Обично се работи за проблеми поврзани со нередовноста во натавата , неизвршување на училишни обврски, нарушени меѓучовечки односи и сл. Од секој разговор се води записник, кој на крајот го потпишуваат учесниците на разговорот. Истиот е со цел да се пронајдат причините, да се отстранат истите, да се корегира поведението т.е се делува воспитно. Како резултат на направената повреда се изрекуваат и соодветни педагошки мерки кои треба да делуваат воспитно. Според бројот на неоправдани изостаноците односно недоличното однесување а во согласност со Статутот на училиштето, се изречени намалувања на поведението со усни и писмени опомени од класен раководител и опомени пред отстранување од училиште. При спроведеување на постапката и оваа година како и во претходните се потешко ни се достапни родителите, поради нивно приватни обврски. Ваквата појава го отежнува овој процес на дејствување. Во завршните класови се водат и разгови со самите ученици кои пројавуваат несоодветно однесување и без присуство на родител, имајќи ја во предвит нивната возраст (најчесто истите веќе се полнолетни и заземаат став дека самите одлучуваат за себе).Во услови на недостаток на работна сила, во погорните класови, се случува, учениците да изостануваат поради тоа што се вработени на одредени работни позиции, во локалните угостителски или услужни објекти.

Планираните активности во согласност со Програмата за советување на родители засега се реализирана со родители / старатели на ученици во сите години и струки на образование. Од страна на раководителите на паралелките се испратени покани до 79 родители / старатели, по основ на намелен успех во учењето. Најчесто во пракса учениците со намалено поведение имаат и намален успех во учењето. По спроведеното советување се врши и советување на учениците кое може да биде индивидуално или групно. Во првото полугодие се доставени само прва покана додека во второто полугодие ќе бидат опфатени и со втора покани оние кои не беа во можност да се јават, поради разни, лични причини.

Се следи и се дава соодветна поддршката во функционирањето на учениците со специфични потреби и потешкотии во совладувањето на училишните здачи, кои потешкотии се од различна природа (здраствена, интелектуални, емоционални и сл.). Се нудат конкретни алатки и техники за градење и одржување на самодовербата и емоционалната стабилност. Најчесто постапките се по претходен контак и согласност со родител. Се разговара како да се помогне на секој ученик, индивидуално, во зависност од проблематиката, бидејќи со дел од постапките треба да се продолжи и во семејните услови и опкружувања или пак се препорачува консултации и со други компетентни лица.

Учествува и во работата на советите на паралелката и на годината, каде се дискутира за тековните состојби со поведението и успехот на учениците.

Соработува и со низа надворешни соработници за едукација, работилници, трибини или размена на информации за надминување на извесни проблеми во функционирањето на учениците (Црвен крст,ЦСР, МВР, Здравствени работници и сл.). Во таа насока се реализирана низа на предавања и работилници, дел како заедничка соработка а дел преку врснички едукатори.

Соработува со Дневниот центар "Порака" Радовиш - за лица со интелектуална попреченост (каде сум во својство на повеќегодишен волонтер и претседател). Истата е со цел, да преку различни облици на соработка ги вклучи и тие лица во животот на учениците и училиштето. Во план се и други облици на заедничка, инклузивна соработка.

Во соработка со педагогот се ибработуваат квартални и полугодишни извештаи за успехот и поведението на учиниците. Се пополнуваат табели со податоци за потребите на МОН, БРО, ЕЛС и Заводот за статистика.

Работно е ангажиран во Комисии за следење и увид на педагошката документација и евиденција, е-дневник, главни книги ,испитни комисии и сл.

Издава потврди за редовни ученици како и согласности за ученици кои ги задоволуваат критериумите за предвремено стекнување на возачка дозвола.

Во своеото работење работи и соработува и со останатите стручни соработници и работници како и работни тела, во рамките на училиштето.

Август 2026 училишен психолог

Виолета Србакова

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА УЧИЛИШНИОТ ПЕДАГОГ ЗА УЧЕБНАТА 2025/2026 ГОДИНА

Годишниот извештај за работата на педагогот се темели врз програмските содржини предвидени во Годишната програма за работа на училишниот педагог. Програмските содржини предвидени во Годишната програма за работа на педагогот планирани за учебната 2025/2026 година речиси целосно се реализирани. Во текот на целата учебна 2025/2026 година од страна на стручниот соработник педагог се извршени повеќе активности поврзани со следењето на воспитно-образовната работа во училиштето. Активностите беа насочени кон унапредување на воспитно-образовниот процес, следење и поддршка на емоционалниот и социјалниот развој на

учениците, како и кон јакнење на соработката помеѓу учениците, наставниците, родителите и локалната заедница.

Во текот на учебната година континуирано се следеше воспитно-образовниот процес преку непосредна соработка со учениците, наставниците и родителите.

Во текот на учебната година од страна на стручниот соработник – педагог континуирано се реализираа индивидуално-консултативни разговори со учениците, со цел воспитно да се делува, да се обезбеди соодветна поддршка и да им се помогне во надминување на потешкотиите со кои се соочуваат. Најголем дел од постапките се реализираа по претходен контакт со родителите, во согласност со законските прописи и интересот на ученикот. Согласно Статутот на училиштето, редовно се следеше редовноста на учениците во наставата, при што зависно од бројот на неоправданите изостаноци, беа изрекувани педагошки мерки од страна на класните раководители или Наставничкиот совет. Со учениците кај кои беа евидентирани поголем број изостаноци, проблеми во однесувањето или прекршување на правилата утврдени со Куќниот ред, се реализираше советодавно-консултативна работа, насочена кон развивање на чувство на одговорност, почитување на училишните правила и подобрување на однесувањето. Континуирано се следеше напредокот и функционирањето на учениците со специфични образовни потреби и потешкотии во совладувањето на наставните содржини, како и на учениците со здравствени, интелектуални, емоционални и други потешкотии. Во зависност од индивидуалните потреби се обезбедуваше соодветна педагошко-психолошка поддршка, се применуваа техники за јакнење на самодовербата и емоционалната стабилност како значаен сегмент во унапредувањето и зачувувањето на менталното здравје. Особено внимание беше посветено на учениците од прва година, преку активности насочени кон нивната адаптација на новата училишна средина, интеграција во паралелката, воспоставување позитивни односи со соучениците и наставниците, како и навремено препознавање и надминување на евентуални потешкотии што би можеле да влијаат врз нивниот успех и однесување. Во текот на учебната година се реализираа индивидуални и групни советувања со ученици кои се соочуваат со потешкотии во учењето, нередовно посетување на наставата, проблеми во однесувањето, емоционални потешкотии, конфликти со врсници и други предизвици што влијаат врз нивниот личен и образовен развој. Работата беше насочена кон развивање позитивна слика за себе, подобрување на комуникациските и социјалните вештини, развивање чувство на одговорност и поттикнување позитивни животни навики. Во рамките на превентивната и советодавната работа беа реализирани повеќе едукативни и интерактивни работилници, предавања и активности со учениците. Темите беа насочени кон развој на социјалните и емоционалните компетенции, подобрување на меѓусебната комуникација, градење самодоверба, успешно разрешување конфликти, превенција од врсничко и други облици на насилство, како и обработка на други актуелни теми од интерес за учениците. Преку овие активности се поттикнуваше развојот на

позитивни вредности, толеранција, меѓусебно почитување, одговорност, емпатија и тимска работа, со цел создавање безбедна, инклузивна и поттикнувачка училишна средина.

Соработката со родителите претставуваше значаен сегмент од работата на стручниот соработник – педагог и се реализира континуирано во текот на учебната година. Преку индивидуални средби, советувања и консултации се разгледуваа прашања поврзани со успехот, поведението, редовноста во наставата, адаптацијата и социо-емоционалниот развој на учениците. Родителите редовно беа информирани за напредокот и предизвиците со кои се соочуваат нивните деца и активно беа вклучени во процесот на планирање и спроведување мерки за нивно надминување. Во согласност со Правилникот за изрекување на педагошки мерки, во текот на учебната 2025/2026 година беа реализирани советодавни разговори со родители на ученици кои покажуваат нередовно посетување на наставата, проблеми во однесувањето или други воспитно-образовни потешкотии. За таа цел, од страна на педагогот беа испратени 149 покани по пошта до родители/старатели на ученици од прва и трета година, а дополнително беа остварени и телефонски контакти со родители и старатели кога тоа го налагаа околностите. Советодавната работа со родителите најчесто беше насочена кон утврдување на причините за нередовното посетување на настава, намалениот успех или несоодветното однесување на учениците, како и кон заедничко пронаоѓање на соодветни мерки за нивно надминување. Во текот на разговорите се даваа насоки и препораки за подобрување на соработката меѓу семеството и училиштето, зајакнување на родителските компетенции и обезбедување соодветна поддршка за учениците. За секој реализиран разговор беше воден записник кој по завршувањето на советувањето го потпишуваа сите присутни учесници, Документирањето на разговорите овозможи континуирано следење на преземените активности и нивната ефикасност со цел навремено обезбедување дополнителна поддршка и воспитно делување во најдобар интерес на ученикот.

Во текот на учебната 2025/2026 година се реализираше и континуирана и конструктивна соработка со наставниците, насочена кон унапредување на воспитно-образовниот процес, подобрување на квалитетот на наставата и навремено решавање на тековни прашања и предизвици. Во рамките на своите работни задачи, педагогот вршеше увид и контрола на годишните и тематските планирања на наставниците. За таа цел беа користени интерно изготвени обрасци за следење и евалуација, врз основа на кои се изготвуваа соодветни извештаи и препораки за понатамошно унапредување на планирањето и реализацијата на наставниот процес. Во согласност со однапред утврдениот распоред, беа реализирани посети на наставни часови кај наставници од гимназиското и стручното образование. По секоја реализирана посета следуваше рефлексија на наставниот час преку индивидуални консултативни разговори со наставниците, при што се анализираа силните страни на наставата, се укажуваше на можните слабости и се предлагаа конкретни насоки и препораки за нивно надминување и за

континуирано професионално унапредување. Во текот на учебната година се реализираше и континуирана стручна поддршка на наставниците преку размена на професионални искуства, консултации и заедничко разгледување на актуелни воспитно-образовни прашања. Внимание беше посветено и на работата со наставници-приправници, на кои им беа обезбедувани консултации, насоки и стручна помош во процесот на планирање, реализација и евалуација на наставата, како и при нивната професионална адаптација. Педагогот остваруваше континуирана соработка и со класните раководители, особено во следењето на успехот, поведението и адаптацијата на учениците, како и при планирањето и реализацијата на воспитно-образовните активности. Преку заеднички консултации, тимска работа и координирано дејствување успешно се надминуваа тековните проблеми и се обезбедуваше навремена поддршка на учениците и наставниците, со што се придонесе за создавање позитивна и поттикнувачка училишна клима.

Во склоп на своето работење, педагогот е член на Инклузивниот тим во училиштето, кој работи согласно програма за работа со цел учениците со посебни образовни потреби (ПОП) да бидат успешно интегрирани во воспитно-образовниот процес. На ниво на училиште, оваа учебна година има две ученички – една ученичка во прва и една ученичка во втора година- кои работат според посебни образовни програми со поддршка и помош од образовни асистенти. Во рамките на инклузивното образование се следеше напредокот на учениците со посебни образовни потреби и се обезбедуваше континуирана поддршка во нивното вклучување и фукнкционирање во воспитно- образовниот процес. Се остваруваше соработка со наставниците, родителите и стручните лица при изработка и реализација на индивидуалните образовни планови, како и при приспособување на наставните содржини и активности согласно потребите и можностите на учениците. Покрај тоа, педагогот е член на Тимот за професионален развој на наставниците, кој исто така работи согласно програма за работа, со цел следење и унапредување на професионалниот развој на наставниците и стручните соработници во училиштето. Педагогот е член и на тимот за превенција од насилство, како и во другите комисии и работни тела во училиштето во кои активно учествува во планирањето и реализацијата на активности насочени кон подобрување на воспитно-образовната работа.

Како стручен соработник, во соработка со психологот, се разботеше на изготвување извештаи за работата и следење на успехот и поведението на учениците за првото тромесечие и прво полугодие, како и за третото тромесечие и крајот на учебната година. Се водеше уредна педагошка евиденција, како и увид во педагошката документација и нејзино ажурирање. Во рамките на аналитичко-истражувачката работа се изработуваа анализи за успехот поведението и изостаноците на учениците на ниво на паралелка и на ниво на училиште. Исто така, се реализираа анкети, прашалници и други форми на испитување со цел добивање релевантни податоци за состојбите и потребите на учениците. Добиените резултати се користеа за

планирање на идни активности и за унапредување на воспитно- образовната работа во училиштето.

Во текот на учебната година, педагогот учествуваше во работата на Наставничкиот совет, како и во советите на паралелките, совет на годината каде активно придонесуваше во дискусиите поврзани со тековните состојби поврзани со успехот и поведението на учениците.

Во текот на учебната година беше остврена соработка со Центарот за социјална работа, здравствени инситуции, локална самоуправа, Министерство за образование и наука и Бирото за развој на образованието. Соработката беше насочена кон обезбедување дополнителна поддршка за учениците, реализација на превентивни активности и унапредување на воспитно-образовниот процес. Исто така, во соработка со психологот редовно се изготвуваа и пополнува табеларни податоци и извештаи потребни за Бирото за развој на образованието, Министерството за образование и наула и Заводот за статистика. Остварена е и континуирана соработка со основните училишта во општината. Како стручен соработник педагогот изготвуваше списоци на ученици запишани во прва година кои се доставуваа до основните училишта со цел увид во продолжувањето на образованието на учениците. Истовремено се подготвуваа и списоци со постигнатиот успех на учениците по завржување на прва година, кои исто така се доставуваа до основните училишта.

Во рамките на својата работа, педагогот има овластување и издава потврди за редовни ученици запишани во училиштето. Во текот на целокупната работа се остварува континуирана соработка и со останатите стручни соработници во училиштето(психолог и библиотекар), како и со кариерниот советник во училиштето со цел унапредување на воспитно-образовниот процес.

Во текот на првото полугодие педагогот учествуваше на обука за “Зајакнување на вештините на стручните соработници и кариерни советници за професионална и кариерна ориентација на учениците” во Струмица СОУ “Никола Карев” Радовиш, организирана од страна на Друштво за маркетинг и адвертајзинг Глобал нет ДООЕЛ, Скопје.

Врз основа на реализираните активности може да се констатира дека во текот на учебната година успешно се реализираа планираните задачи и активности од Програмата за работа на педагогот. Преку континуирана и координирана работа со учениците, наставниците, родителите и надворешните институции се придонесе кон подобрување на воспитно-образовниот процес, развивање позитивна училишна клима, унапредување на меѓучовечките односи и обезбедување поддршка за севкупниот развој и напредок на учениците.

Училишен педагог

Август, 2026г Емилија Котева Ристова

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
ЗА РАБОТАТА НА УЧИЛИШНИОТ БИБЛИОТЕКАР 2025/2026

Библиотекарското работно место во училиштето се изведува со 20 наставни часа, од страна на четири библиотекари во двете смени.

Во текот на учебната година, библиотекарите ги реализираа содржините предвидени со Годишната програма.

Како редовна активност, на почетокот на учебната година е и пребројувањето на лектирните изданија кои се на располагање на учениците. Вкупниот број на лектирен фонд изнесува 5599.

Библиотекарите во текот на наставната година ги реализираа предвидените активности од програмата за работа за учебната 2025/2026 година.

Училишната библиотека при СОУ,,Коста Сусинов''- Радовиш во учебната 2025/2026 година согласно програмата за работа ги изврши следните активности:

Во текот на месец август беше изготвена електронската и печатена документација за издавање на учебници на класните раководители и учениците;

На почетокот од учебната година од страна на Комисијата за примопредавање на учебници составена од училишните библиотекари, им беа издадени сите потребни комплети учебници на учениците;

На класните раководители издадени им се и Записници за примените учебници за вкупниот број на примени комплети по предмети во нивниот клас;

На класните раководители им се доделени Изјави за состојбата на учебниците кои учениците треба да ја пополнат и да ја потпишат нивните родители;

Од страна на училишната библиотека побарано е од активот по македонски јазик и литература да се достават списоци за лектирни изданија по година на изучување кои се обработуваат во текот на тековната учебна година;

Во месец декември согласно зацртаната програма се изврши изготвување на полугодишен извештај за учебната 2025/2026;

Во текот на учебната 2025/2026 од страна на училишната библиотека издадени се вкупно 2072 лектирни изданија;

Во текот на месеците јануари и февруари беа изработени полугодишниот извештај за работата на библиотеката, беа набавени лектирни изданија и друга стручна литература. Понатаму беше направен извештај за издадени лектирни наслови за четирите месеци од тековната учебна година, анализа на добиените резултати, превземање мерки за подобрување на состојбите.

Во текот на месеците март и април се започна со подготовка на документацијата за враќање на учебниците од четирите години од средно обрзование;

Во просториите на библиотеката беа реализирани секции од англискиот литературен клуб, кои опфаќаа читање и обработка на книжевни дела од англиската литература;

Во просториите на библиотеката беа реализирани работилници со учениците од деветтите одделенија со цел промовирање на нашето училиште;

Во месец мај започна подготовката на документацијата за враќање на учебниците;

Во месец јуни се реализира враќањето на учебниците од страна на учениците преку класните раководители;

Месечен извештај за издадени лектири во мај;

Средба со директорот за насоките на делување при враќањето на учебниците и утврдување на показатели на оштетеност;

Беше направена нова нарачка на учебници за наредната 2025/26 година преку Системот за електронска нарачка на учебници;

Во текот на месец јуни беше изработен годишниот извештај за работата на библиотеката;

Библиотекарот работеше според однапред утврдената динамика и тоа задржувајќи се на следните појдовни точки:

Опис и попис на библиотечниот фонд (компјутерска обработка);

Воспитно-образовна работа во училиштето;

Наставно-воспитен процес;

Културно-јавна дејност;

Соработка со наставниците, стрчните соработници, родителите и учениците;

Воспитно-образовната работа со учениците беше насочена кон:

Планирање, развивање и насочување на интересот на учениците за книгите во согласност со нивните интереси и желби;

Зачленување на учениците во библиотеката;

Формирање навики кај учениците за внимателно користење, ракување, чување и заштита на библиотечниот материјал;

Година	Прва	Втора	Трета	Четврта	Вкупно
Издадени лектири	383	543	336	810	2072

По однос на години и пропорционално со бројот на ученици во секоја генерација, најмногу лектири се издадени на учениците од трета година, па потоа следат од четврта, прва, а најмалку кај учениците од втора година.

Училишни библиотекари: Даниела Чачарова

Лили Ѓоргиева

СОУ,,КОСТА СУСИНОВ ’’ - РАДОВИШ

И З В Е Ш Т А Ј

ЗА РАБОТАТА НА

НАСТАВНИЧКИОТ СОВЕТ

ЗА НАСТАВНАТА 2025/2026 ГОДИНА

АВГУСТ, 2026

АКЦИОНЕН ПЛАН НА НАСТАВНИЧКИОТ СОВЕТ

Наставничкиот совет како стручен орган во училиштето ги има следниве надлежности:

дава мислење по Предлог годишната програма за работа и го следи нејзиното извршување;

го разгледува и утврдува успехот на учениците и работата на другите стручни органи;

го усвојува интерниот распоред за екстерното проверување на постигањата на успехот на учениците;

го разгледува Годишниот извештај за работа на наставниците и стручни соработници;

дава мислење за напредување на наставниците и стручните соработници во училиштето;

одобрува завршување на ученици две за една учебна година;

го разгледува остварувањето на планот и програмата и презема мерки за нивно извршување;

донесува одлуки по приговор за утврдени оценки;

го разгленува Извештајот за извршен стручен надзор, предлага соодветни мерки;

врши и други работи утврдени со закон и статут на училиштето

Извештај по месеци

Месец	Активности
Септември	**11.09.2025** -Усвојување на записник од претходната седница -Одлучување по барања **30.09.2025** -Усвојување на записник од претходната седница -Одлучување по барање/а -Формирање комисии -Информации за родителски средби

	-Формирање Тим за кариерно советување
Октомври	**15.10.2025** -Усвојување на записник од претходната седница -Одлучување по барања -Педагошки мерки
Ноември	**18.11.2025** -Усвојување на запсник од претходната седница -Одлучување по барање/а -Утврдување на успехот и поведението на учениците од првото тромесечие за првото полугодие од учебната 2025/2026 година -Педагошки мерки
Декември	**09.12.2025** -Усвојување на записник од претходната седница - Извештај од тромесечие - Извештај од родителски средби -Одлучување по барање/а - Информации за приправник -Препораки за ученици за стипендии по Јавен конкурс на општина Радовиш - Педагошки мерки
Јануари	**23.01.2026** -Усвојување на записник од претходната седница -Утврдување на полугодишен успех -Усвојување на Полугодишниот извештај -Информации за приправници

	-Информации за Конкурс за запишување на ученици во прва година во учебната 2026/2027 -Одлучување по барање/а Педагошки мерки
Февруари	**10.02.2026** -Усвојување на записник од претходната седница -Педагошки мерки -Предлог план за упис на ученици во учебната 2026/2027 -Разно
Март	**04.03.2026** -Усвојување на записник од претходната седница -Одлучување по барање/а -Педагошки мерки
Април	**17.04.2026** -Усвојување на записник од претходната седница -Одлучување по барање/а -Утврдување на успехот и поведението на учениците од првото тримесечие за второт полугодие од учебната 2025/2026 -Извештај од родителски средби -Педагошки мерки
Мај	**14.05.2026**

	-Усвојување на записник од претходната седница -Извештај од успехот и поведението на учениците од прво тромесечие од второ полугодие -Предлог – ранг листа за избор на најдобар наставник во гимназиско и стручно образование -Педагошки мерки **22.05.2026** -Усвојување на записник од претходната седница -Утврдување на успех (за IV година) -Формирање на комисија за избор и прогласување на ученик на генерацијата 2022/2026 -Формирање на комисии за избор и прогласување на ученик на годината во гимназиското образование -Формирање на комисии за избор и прогласување на ученик на годината во стручно образование -Разгледување на Извештај од повеќедневна завршна екскурзија за III година, реализирана од 03.05.2026 до 08.05.2026 -Педагошки мерки
Јуни	**09.06.2026** -Усвојување на записник од претходната седница -Избор на нов член во Училишен одбор од редот на наставници -Педагошки мерки **21.06.2026** -Усвојување на записник од претходната седница

	-Анализа на бројот на запишани ученици во гмназиско и стручно образование во прв уписен рок (прво пријавување) за учебната 2026/2027 **29.06.2026** -Усвојување на записник од претходната седница -Избор и прогласување на ученик на генерацијата 2022/20226 -Утврдување на бројот на запишани ученици во прва година во јунски уписен рок (второ пријавување), и вкупен број на запишани ученици во прва година; - Информации за Барање н формирање на паралелки со број на ученици помал од законски предвидениот минимум
Јули	/
Август	**24.08.2026** -Усвојување на записник од претходната седница -Информации за упис во прва година во август 2026 година -Избор и прогласување на ученик на годината (за I, II, III година) за гимназиското образование -Избор и прогласување на ученик на годината (за I, II, III година) за стручното образование -Предлог Извештај за реализација на Годишната програма за работа на СОУ„Коста Сусинов“ - Радовиш за учебната 2025/2026 година -Предлог Годишна програма за воспитно - образовната

	дејност на училиштето за учебната 2026/2027 година -Одлучување по барање

Август, 2026

Директор:

Миле Арсов

ИЗВЕШТАЈ ОД ГОДИШНАТА ПРОГРАМА НА УЧИЛИШНИОТ ОДБОР

ЗА УЧЕБНАТА 2025/2026

АВГУСТ, 2026

Вовед :

Годишната програма за работа на Училишен одбор е усогласена со работата на Наставничкиот совет и Годишната програма на училиштето. Училишниот одбор работи во следен состав:

Билјана Јованова – совет на наставници

Љупче Атанасов - совет на наставници

Славица Атанасова - совет на наставници

Даниела Ѓоргиева - совет на наставници

Милан Свирков - совет на родители

Марија Валакова - совет на родители

Елена Пачемски - совет на родители

Наташа Вучкова – претставник од основачот на училиштето, Општина Радовиш

Павлина Арсова – претставник од основачот на училиштето, Општина Радовиш

Елеонора Марковска Јакимов - претставник од основачот на училиштето, Општина Радовиш

Стоја Митревска - претставник од Министерство за образование и наука

Петре Спасов – претставник од деловната заедница на Општина Радовиш

Во текот на учебната 2025/26 година Училишниот одбор реализираше активности во негова надлежност, согласно Деловникот за работа на УО, Законот за средно образование и Статутот на училиштето:

Октомври (14.10.2025):

Усвојување на Записник бр.219;

Одлучување по жалба од вработен;

Одлучување по приговор од родител на ученик;

Формирање комисија за попис за 2025г.;

План за наменско користење на средства.

Октомври (28.10.2025):

Усвојување на Записник бр. 220;
Ребаланс на буџет за 2025 година (за сметки 903 и 787).

Ноември (07.11.2025):

Усвојување на Записник бр. 221;
Дополнување на Годишен план за јавни набавки во 2025 на СОУ „Коста Сусинов“ – Радовиш.

Ноември (17.112025):

Усвојување на Записник број 222;

Одлучување по приговор од вработен;

Донесување на Одлука за надомест за изготвување на распоред на часови за учебната 2025/26г.;

Формирање на Комисија за спроведување на набавка за осигурување на ученици;

Донесување на Одлука за изведување на екскурзија со учениците од III година; (завршна екскурзија) во учебната 2025/26г. ;

Донесување на Одлука за формирање на тим а подготовка на Програма за училишна; екскуризија за III година (завршна екскурзија) во тековната 2025/26 учебна година.

Ноември (24.11.2025):

Усвојување на Записник број 223;

Усвојување на Предлог Финансиски план за 2026г. (посебно по сметки)

Предлози за избор на наставен кадар, по Јавен оглас за вработување на наставен кадар на определено работно време за учебната 2025/26г. до 31.08.2026г.

Менување на заменик член од Комисијата за попис за 2025г.

Декември (10.12.2025):

Усвојување на Записник бр.224;

Одлучување по барање;

Одлучување по приговор;

Донесување на одлука за осигурување на ученици.

Декември (26.12.2025):

Усвојување на Записник бр.225;

Одлучување по барање;

Донесување на одлука за осигурување на ученици;

Донесување на одлука за надоместок при полагање на интерни предмети од матура.

Јануари (20.01.2026):

Усвојување на Записник број 226;

Предлог Финансиски план за прво проширување на сметки 903 и 787 за 2026 г.;

Предлог Годишен план за јавни набавки во 2026г. на СОУ „Коста Сусинов“ – Радовиш.

Февруари (02.02.2026):

Усвојување на Записник број 227;

Предлог за Дополнување на Годишен план за јавни набавки во 2026г. на СОУ „Коста Сусинов“ – Радовиш;

Предлог Полугодишен извештај за воспитно-образовната дејност на училиштето за учебната 2025/2026г.;

Формирање на комисија за спроведување на постапка за фотографирање на ученици-матуранти;

Февруари (17.02.2026):

Усвојување на записник бр.228;

Проследување на Изјава од член на УО од редот на Совет на родители

Извештај од спроведен попи за 2025г.;

Донесување на одлука по спроведена постапка за фотографирање на уленици-матуранти;

Одобрување на Програма за изведување поивеќедневна завршна екскурзија за учениците од III година, при СОУ „Коста Сусинов“ – Радовип во април/ мај 2026г.;

Донесување на Одлука за формирање на комисија за спроведување на постпка за екскурзија.

Март (04.03.2026):

Верификација на мандат на нов член во УО, претставник од основачот на училиштето – Општина Радовиш

Усвојување на Записник бр.229;

Предлози за избор на наставен кадар, по Јавен оглас за вработување на наставен кадар на определено работно време за учебната 2025/26г. до 31.08.2026г.

Усвојување на Завршна сметка (посебно по сметки) за 2025г.

Март (12.03.2026):

Усвојување на Записник број 230;

Донесување на одлука по постапката за екскурзија со учениците од III година;

Донесување на Статут на СОУ „Коста Сусинов“ – Радовиш;

Одлучување по барање од директорот на СОУ „Коста Сусинов“ – Радовиш.

Април (20.04.2026):

Усвојување на Записник бр.231;

Барање од технички секретар на училиштето;

Барање до МОН за зголемување на блок дотации на СОУ „Коста Сусинов“ – Радовиш

Одлука за отпочнување на спроведување на процесот на функционална анализа;

Усвојување на Интерен акт за постапување при пријавување, евидентирање, спрелување и борба против насилство.

Јуни (01.06.2026):

Верификација на мандат на член во УО, претставник од Совет на родители

Усвојување на Записник бр. 232;

Усвојување на Изменување на План за заштите од топлотен бран во училиште;

Усвојување на Извештај од повеќедневната завршна екскурзија за III година, реализирана од 03.05.2026 до 08.05.2026г.;

Усвојување на Извештај од спроведената функционалана анализа во СОУ „Коста Сусинов“, Општина Радовиш;

Усвојување на Правилник за внатрешна организација на СОУ „Коста Сусинов“ Радовиш;

Усвојување на Правилник за Систематизација на работните места во СОУ „Коста Сусинов“ Радовиш.

Јуни (18.06.2026):

Верификација на мандат на член во училишен одбор, претставник од редот на наставниците;

Усвојување на Записник бр.233;

Избор на Претседател на УО;

Одлучување по барање.

Извештајот од Годишната програма го изготвија наставниците:

- Верче Чапова;

- Габриела Митева Коцев;

- Сања Маринковска.